СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Деветото продолжение на Седумдесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 23 февруари 1994 година

Скопје, февруари 1994 година

**9 ПРОДОЛЖЕНИЕ ОД 70-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 23. II. 1994 г.**

Дневен ред:

Т.-11 -Предлог за донес.на Зак. за одликувања на РМ.

Т.12 -Предлог за донес.на Зак. за утврдување официјален празник на РМ

1. АНДОНОВ ГОЦЕ - 2
2. АНАСТАСОВСКИ МИТКО -3, 16
3. АЛИУ ЕШТРЕФ - 3, 43, 45
4. АБДИ ФАИК - 48
5. АРСОВСКИ БРАНКО - 49, 50
6. БОШКОВ ЈОРДАН - 71
7. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР - 42, 44, 64
8. ГЕШТАКОВСКИ АЛЕКСАНДАР - 18
9. ЃОРЃЕВСКИ БОРКО - 70
10. ЃОРЃИЕВСКИ ЉУПЧО - 22, 38
11. ЗМЕЈКОВСКИ БОРИС - 74
12. ЗИБЕРИ НАСЕР - 74
13. ЈАКИМОВСКИ ЉУПЧО - 55
14. ЈОВЧЕВСКИ ЦВЕТАН - 26
15. КОВАЧЕВСКИ КИРИЛ - 61, 67, 70, 71, 72
16. ЛУЛОВСКИ КОЛЕ - 45, 54
17. МИЦЕВСКИ ТРАЈАН - 37, 72
18. МЛАДЕНОВ ВАНЧО - 47
19. ПОПОВСКИ КИРО - 1 (води седница)
20. ПЕТРОВ ТОДОР - 10, 12, 19, 21, 32, 61.
21. ПОЛОЖАНИ МЕРСИМ - 67
22. ПОПОВСКИ НИКОЛА - 34
23. ПРЕВАЛА ШАБАН - 49
24. ПЕТКОВСКИ ТИТО - 56, 57
25. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 15, 16, 51
26. СТЕФКОВСКИ ТОМИСЛАВ - 9, 24, 37
27. СПИРОВСКИ ИГОР - 4,26, 75 ( прозива)
28. СТОЈКОВ СТОИЛЕ - 2, 36, 62, 65, 68
29. СУЛЕЈМАНИ ОЛОМАН - 68
30. ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР - 54
31. ЏЕМАИЛИ БЕБИ - 67, 70, 71.

-ПРОДОЛЖУВА -

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Деветтото продолжение на Седумдесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржано на 23 февруари 1994 година

Седницата се одржа во салата за седници во Собранието на Република Македонија, со почеток во 12,15 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господинот Киро Поповски, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Продолжуваме со работа.

Пратеникот Стојан Андов ме извести дека од оправдани причини не е во можност да присуствува на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствува мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува

Заради отсуство на предлагачите на одделни закони што се во дневниот ред на денешнава седница кои во меѓувреме се зафатени, но ќе дојдат подоцна, како и заради отсуство на потребниот кворум од 80 пратеници за да се разгледуваат законите за кои е неопходен тој кворум предлагам точките 9 и 10 од дневниот ред, како и Законот за тарифите да ги одложиме додека дојдат било предлагачите било пратениците.

Предлагам да поминеме на **точката 11** - Предлог за донесување на закон за одликување на Република Македонија, со Предлог на закон.

Едновремено предлагам и по оваа точка пратеник да говори само еднаш и тоа во траење од седум минути, а координаторите на пратеничките групи до 15 минути.

Кој е за овој предлог, молам да крене рака?

Пратеникот Гоце Андоновски сака процедурално.

I/2 .-СС/МЛ

**ГОЦЕ АНДОНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, почитувано претседателство. Јас мислам дека ваквиот став на Претседателството да се ограничи дискусијата на седум минути е вистински атак само на опозицијата. Еве зошто:

Затоа што се додека пратениците од позицијата се во состојба преку законските проекти да ги проектираат она што. тие сакаат, а додека ние, спротивно на тоа треба да го анализираме, треба да критикуваме и треба да донесеме став по одреден законски проект, со седум минути не знам дали сме во состојба навистина тоа да го одбраниме како став.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Ова е исклучиво во функција за рационално работење да можеме вака голем дневен ред да завршиме.

Кој е за овој предлог, молам да крене рака? (41 пратеник).

Кој е против? (12 пратеници).

Кој е воздржан? (2 пратеници).

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Минуваме на Предлогот за донесување на закон за одликување на Република Македонија...

Пратеникот Стоиле Стојков бара процедурално.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Не е деловнички, туку се сомневам во исходот од гласањето и барам поддршка од десет пратеници за поединечно изјаснување.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Молам, дали има поддршка од десет пратеници? (Има).

Има поддршка од повеќе од десет пратеници.

I/3.-

Пратеникот Ешреф Алиу бара процедурално.

**ЕШРЕФ АЛИУ:**

Почитувано претседателство, време е да се запрашаме врз основа на што се заснова сомневањето кога само 12 гласа се изјаснуваат против. Дали мисли пратеникот кој бара поединечно дека тие 12 ќе бидат 42?

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Определбата е да има поддршка од десет пратеници, а бидејќи е поддржан предлогот од десет пратеници, молам секретарот да помине на поединечното гласање.

Пратеникот Анастасовски процедурално.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Видете, една работа ќе ви кажам. Се сомневате вие, луѓето дека во гледаат, народот...

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Ве молам, само процедурално ако имате.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Јас ќе ве молам, процедурално.

Се закажува седница да присуствуваат 81 пратеник. Присуствуваат не знам колку. И од едната и од другата страна отсуствуваат повеќе од пратениците што припаѓаат на тие партии. (Дофрлање од страна на пратениците дека отсуствува коалицијата) од опозицијата има повеќе што отсуствуваат отколку од другата.

Доаѓам до констатацијата, немојте да се лутите, дека тие луѓе не сакаат држава. Нека ме тужат каде сакаат, ќе одговарам, затоа што не

сакаат да ги донесат законите на судството. А, тие закони требаше да ги донесеме пред три години. Нека се украде, кога ќе се испљачка државата и сега нема што да бараме повеќе. Значи, тие луѓе на индиректен начин им помогнаа на арамиите.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Молам секртарот да помине на поединечното изјаснување на пратениците.

**ИГОР СПИРОВСКИ:**

(Прилог).

I/5.-

| | |
|---|---|
| 1. ФАИК АБДИ | за |
| 2. ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА | за |
| 3. ЕШРЕФ АЛИЈУ | за |
| 4. ХАМИТ АЛИУ | за |
| 5. МИТКО АНАСТАСОВСКИ | за |
| 6. СТОЈАН АНДОВ | не е тука |
| 7. ТИМЕ АНДОНОВ | не е тука |
| 8. ГОЦЕ АНДОНОВСКИ | против |
| 9. НИКОЛА АПОСТОЛОСКИ | против |
| 10. ЛАМБЕ АРНАУДОВ | не е тука |
| 11. ДРАГИ АРСОВ | против |
| 12. БРАНКО АРСОВСКИ | за |
| 13. ДУШКО АРСОВСКИ | не е тука |
| 14. ЃОРЃИ БОЈКОВСКИ | за |
| 15. ЈОРДАН БОШКОВ | против |
| 16. ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ | не е тука |
| 17. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ | за |
| 18. ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ | за |
| 19. ПЕТАР ГОШЕВ | не е тука |
| 20. ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ | не е тука |
| 21. САНДЕ ДАВЧЕВ | за |
| 22. РАТКА ДИМИТРОВА | не е тука |
| 23. ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ | за |
| 24. ТОДОР ДИМОВ | за |
| 25. ДОСТА ДИМОВСКА | не е тука |
| 26. БОРКО ГОРЧЕСКИ | против |
| 27. ДУШКО ГОРГЕСКИ | не е тука |
| 28. ПЕТАР ГОРГИЕВ | за |
| 29. ЗУДИ ЕМИНИ | воздржан |
| 30. ЈОРДАН ЗАФИРОВ | за |

| | |
|---|---|
| 31. ГОРАН ЗАФИРОВСКИ | не е тука |
| 32. НАСЕР ЗИБЕРИ | не е тука |
| 33. ВАСИЛ ЗИМБАКОВ | не е тука |
| 34. ВАНЧО ЗЛАТАНОВ | за |
| 35. БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ | не е тука |
| 36. ИВАН ИВАНОВ | воздржан |
| 37. ЉУБОСАВ ИВАНОВ | не е тука |
| 38. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ | воздржан |
| 39. СИМЕОН ИВАНОВСКИ | за |
| 40. ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ | не е тука |
| 41. РИСТО ЈОВАНОВ | за |
| 42. ЦВЕТАН ЈОВЧЕСКИ | против |
| 43. РИСТО ЌЕЛЕШОВ | не е тука |
| 44. ТАШКО КИРОВ | против |
| 45. ЗОРАН КИТЕВ | не е тука |
| 46. КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ | за |
| 47. СТОЈАН КОВАЧЕСКИ | не е тука |
| 48. ЃОРЃИ КОТЕВСКИ | не е тука |
| 49. ЗОРАН КРСТЕВСКИ | не е тука |
| ~~50. НИКОЛА КРСТЕВСКИ~~ | |
| 51. БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА | не е тука |
| 52. ВЕЦКО ЛИЧОСКИ | против |
| 53. КОЛЕ ЛУЛОВСКИ | воздржан |
| 54. ЕФТИМ МАНЕВ | против |
| 55. ЈОВАН МАНЧЕВСКИ | за |
| 56. ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА | не е тука |
| 57. ФЛОРЕ МАСАЛКОВСКИ | не е тука |
| 58. МАРИН МИЛЕНКОВСКИ | за |
| 59. СТРАШО МИЛКОВСКИ | не е тука |
| 60. ПАНЧО МИНОВ | не е тука |
| 61. ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ | не е тука |
| 62. ТРАЈАН МИЦЕВСКИ | против |
| 63. ВАНЧО МЛАДЕНОВ | за |
| 64. ЏЕЛАДИН МУРАТИ | не е тука |
| 65. АВДИ МУРТЕЗАНИ | не е тука |

НД

I/7.-

| | |
|---|---|
| 66. НАИФ МУСТАФА | не е тука |
| 67. ПАНЧЕ НАСЕВ | не е тука |
| 68. СЛАВЕ НАУМОВСКИ | за |
| 69. СИМОН НАУМО.СКИ | за |
| 70. БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ | не е тука |
| 71. ЈОВАН НИКОЛОВ | за |
| 72. ДУШАН НИКОЛОВСКИ | за |
| 73. МИХАИЛ ПАНОВСКИ | не е тука |
| 74. ТОДОСИЈА ПАУНОВ | за |
| 75. ТИТО ПЕТКОВСКИ | за |
| 76. ТОДОР ПЕТРОВ | против |
| 77. ТОМИСЛАВ ПЕЦАКОВ | против |
| 78. МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ | за |
| 79. ДИМИТАР ПОПОВСКИ | за |
| 80. КИРО ПОПОВСКИ | за |
| 81. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ | за |
| 82. НИКОЛА ПОПОВСКИ | за |
| 83. ШАБАН ПРЕВАЛА | за |
| 84. БОЖО РАЈЧЕВСКИ | не е тука |
| 85. ИСМЕТ РАМАДАНИ | не е тука |
| 86. ИВАН РАМБАБОВ | не е тука |
| 87. ШУКРИ РАХИМИ | за |
| 88. ФЕРИД САДИКУ | воздржан |
| 89. НЕИМ СЕЛМАНИ | не е тука |
| 90. НАУМ СИМЈАНОВСКИ | не е тука |
| 91. АЦО СПИРОВСКИ | против |
| 92. РИСТО СТАМЕНОВ | не е тука |
| 93. РИСТО СТАНКОВСКИ | не е тука |
| 94. ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ | против |
| 95. СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА | за |
| 96. НАЌЕ СТОЈАНОВСЌК | не е тука |
| 97. НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ | за |
| 98. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | против |
| 99. СТОИЛЕ СТОЈКОВ | против |
| 100. ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ | за |
| 101. ЏЕЛИЛ ТАИРИ | за |

I/8.-

| | |
|---|---|
| 102. ГОЦЕ ТЕМЕЛКОВСК И | не е тука |
| 103. ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ | не е тука |
| 104. БЛАГОЈ ТОШЕВ | не е тука |
| 105. ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ | не е тука |
| 106. ПЕТРЕ ТРАЈКОСКИ | не е тука |
| 107. ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ | за |
| 108. ДУШАН ТРПЧЕВСКИ | не е тука |
| 109. АГИМ ФАЗЛИУ | не е тука |
| 110. АЛЕКСДНДАР ФЛОРОВСКИ | против |
| 111. МУХАМЕД ХАЛИЛИ | за |
| 112. АБДУРАХМАН ХАЛИТИ | не е тука |
| 113. БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ | не е тука |
| 114. СЕЈФЕДИН ХАРУНИ | за |
| 115. СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ | за |
| 116. НЕЏАТИ ЏАФЕРИ | за |
| 117. АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ | за |
| 118. ВЕБИ ЏЕМАИЛИ | воздржан |
| 119. БЛАГОЈА ЧКАТРОСКИ | за |
| 120. ХИСНИ ШАКИРИ | воздржан |

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Констатирам дека гласале вкупно 68 пратеници. Од нив 43 пратеници гласале за, 18 пратеници гласале против, а седум пратеници биле воздржани.

Според тоа, предлогот е усвоен.

Минуваме на **точката 11** - Предлог за донесување на закон за одликувањата на Република Македонија, со Предлог на закон.

Деловнички пратеникот Стефковски бара збор.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Мислам дека гласањето не беше прецизно од аспект што ние имаме Предлог за донесување на закон, со Предлог на закон. Според тоа, ние ќе расираваме и одлучуваме три пати.

Оттука, сметам дека претседавачот во случајов треба да каже дека овие седум минути се однесуваат само за Предлогот за донесување на законот. Потоа пак треба да се гласа кога ќе се дискутира по општите начела на законот и трет пат пак да се гласа за ограничување од седум минути кога ќе се врши претрес по законот. (Поединечен аплауз). Ова е правилото ако сакаме точно да го примениме Деловникот. Инаку, навистина не знаете зошто сега гласавте за ограничувањето.

Второ да ви кажам, ако го прочитате Деловникот ќе видите дека само претседателот на Собранието има право да го примени членот 116 од Деловникот, а ако не е претседателот може пратеник со поддршка од десет пратеници. Тоа не се случи. Значи, си играме со Деловникот.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Согласно Деловникот, ограничувањето се однесува за точката што е на дневен ред, а дали таа точка има неколку фази, тоа се спаѓа во една точка од дневниот ред.

I/10.-

Што се однесува до функцијата, јас сега ја вршам функцијата на претседател.

Значи, минуваме на претрес по Предлогот за донесување на закон за одликувањата на Република Македонија, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието,' како и Мислењето на Владата, ви се доставени, односно поделени.

Ве известувам дека пратеникот Тодор Петров на седницата на ЗПК го повлече Предлогот на законот. Според тоа, за денешнава расправа е само Предлогот за донесување на закон за одликувањата на Република Македонија.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Комисијата за општествено - политички систем оценува дека нема потреба од донесување на овој закон од причините наведени во извештајот на Комисијата и истовремено предлага да се одбие Предлогот за донесување на овој закон.

Молам, кој бара збор?

Збор бара пратеникот Тодор Петров.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

На 25 март 1993 година поднесен е предлог на Собранието на Република Македонија за посмртно доделување на одликувањето "Орден народен херој" и најголемото одликување на македонската држава на првиот македонски претседател Методија Антонов - Ченто.

Владата на Република Македонија во своето мислење од 29 јуни 1993 година укажа дека досегашната проблематика за прашањата на ордените и медалите односно одликувањата се уредува со превземен Сојузен закон за одликувања на поранешна СФРЈ што, согласно

I/11.-

Уставниот закон повеќе не може да се применува во Република Македонија од причини што со него се уредува надлежност на органи на Федерација и заради тоа што одредени ордени утврдени со тој закон, како што е на пример "Орден Југословенска Звезда" не соодветствува со уставните одредби на Република Македонија, односно со државните симболи на Република Македонија и дека е неопходно нивно соодветно усогласување

II/1 ЛП/ЛБ

**ТОДОР ПЕТРОВ: (**продолжение)

Од овие причини Владата во своето мислење од 29 јуни 1993 година утврдила став дека од овие причини се укажува на неопходноста од донесување на Закон за одликување на Република Македонија, со кој ќе се уредат одликувањата во РМ. А предлогот за доделување посмртно одликување Орден "Нараен херој" на личноста Методија Андонов Ченто се поддржува.

Меѓутоа, во периодот после 29 јуни 199 3 година, Владата не презеде никакви активности за да му понуди на Собранието соодветен закон за одликувањата на РМ.

Од тие причини, како овластен предлагач предложив предлог за донесување на закон за одликувањата на РМ. Едно од основните државнички обележја претставуваат одликувањата на Републиката односно на државата, кои што претставуваат знаци на признание што се поделуваат за дела кои заслужуваат општо признание и истакнување.

Република Македонија со Уставот од 17 ноември 1991 година целосно го презеде извршувањето на суверените права и почна да функционира како самостојна држава со целосен суверенитет и меѓународен правен субјективитет.

Со Уставниот закон за спроведување на уставот на РМ беше утврдена обврска Собранието да ги донесе и усогласи преземените закони од поранешна СФРЈ во рок од 6 односно 12 месеци. РМ односно Владата и Парламентот тоа досега не го сторија. РМ како самостојна држава практично нема закон за одликувањата. Преземен е само законот за одликувањата на СФРЈ кој не соодветствува на статутот на Македонија како самостојна држава и практично не се ни применува.. Одредените и медалите утврдени со тој закон не може повеќе да се применуваат односно да се доделуваат во Македонија, бидејќи се однесуваат на држава која повеќе не постои. Од причини законски да се

покрие оваа област во општествениот живот, а заради создавање предуслови и кај нас да заживее институтот одликуваше со овластувањата на сите надлежни органи во постапката на нивното доделување, се предлага донесување на Предлогот на законот за одликувања на РМ.

Овој закон се заснова на следните начела: Утврдување знаци на признание што се доделуваат за дела кои заслужуваат општо признание и истакнување и еднаквост на условите за сите граѓани и правни лица во стекнувањето одликувања како должна почит и признание и истакнување на државата кон нив, а заради постигнување успеси, резултати и заслуги во општеството, стопанството, општествените дејности, одбраната, безбедноста на државата, самопрегорот и пожртвуваноста.

Во Законот за одликувањата на РМ се предлагаат 9 ордени и 5 медали и тоа. Орден “Македонско големо сонце", орден на слободата, Орден народен херој, Орден за храброст, Орден Македонско знаме со лента. Орден Македонско знаме со златно сонце и Орден македонско знаме со златно сонце на ѓердан, Орден на бојното знаме со лента, Орден на бојното знаме со златен венец, Орден на бојното знаме со сребрен венец, Орден заслуги за народ и држава со златно сонце, Орден на армијата со ловоров венец и Орден за воени заслуги со големо сонце.

Медалите на РМ , за разлика од претходниот неприменлив закон на територијата на РМ се предлага да бидагпет и тоа: Медал за храброст, Медал за заслуги за народ и држава, Медал за воени заслуги, Медал за војнички добродетели и Медал за заслуги.

Во Предлогот на законот е утврдено: Начинот на доделувањето на ордените, меѓутоа содржината односно изгледот на ордените не се утврдени затоа што истите, врз основа на текстот на Предлогот на законот кој ќе биде донесен во Собранието ги донесува со посебни

статути за секој орден и медал претседателот на Републиката како овластена институција која ги доделува одликувањата на РМ.

Иницијативата за доделување одликување може да дадат општини, месни заедници, според Предлогот за донесување на закон политичка партија и здружение на граѓани, секој граѓанин и институција, а овластени предлагачи за доделување на одликување се предлага да биде Владата и Собранието на РМ.

Моментот на одликувањата не е дозволен. Одликување на посмртно одликувано лице и одликувањето кое на одликуваното лице не му е предадено додека било живо, како и документите за одликување се предлага да се предадат на членовите на неговото семејство. Истите имаат право по смртта на лицето кое што е носител на одликувањето да може да ги предадат во надлежна институција на чување и користење, пред се музеи и слични установи, а ако ни членовите на семејството на одликуваното лице кое починало не се живи истите се предлага да се враќаат во канцеларијата за ордени на претседателот на Републиката.

Во предлогот за донесување на закон утврдена е и глава за одземање на одликувањата и тоа само во случај ако одликуваното лице со правосилна судска пресуда е осудено на безусловна казна затвор за кривично дело за кое е пропишана казна затвор во траење до најмалку пет години и ако одликуваното лице со правосилната судска пресуда е осудено на безусловна казна затвор за кривично дело против државата, одбраната и безбедноста на Републиката, против човечноста и меѓународното право, против угледот на Републиката и за кривични дела против оружените сили на РМ. Предвидени се и казнени одредби за случајна злоупотреба на одликувањата, недозволен промет и изработка на ордени, а во завршните одредби пренесено е право, овластување со овој закон и министерот за одбрана самостојно да може да им доделува

ордени на воени лица кои се доделуваат за оружените сили на РМ.

По Предлогот на законот се предлага претседателот на Републиката во рок од 6 месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон да ги донесе статутите и медалите на РМ.

Прифатлив е предлогот на Законодавно правната комисија кој оценува дека има уставен основ за донесување на законот и дека начелата врз кои се засновува предлогот се во согласност со Уставот и правниот систем.

Од тие причини , како предлагач на Собранието му предлагам како прва фаза да го усвои Предлогот за донесување на законот за одликувања на РМ.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор.

Има збор пратеникот Томислав Стојановски.

Молам пратениците да останат во сала , во 14 часот ќе дадеме пауза до 15/часот, но до 14 часот сите да бидеме во сала бидејќи очигледно немаме кворум.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ова не го земам како ред за збор, од причина што сакам да поставам едно процедурално прашање до Комисијата за општествен надзор, која во својот заклучок кажала дека нема потреба од донесување на ваков закон. Меѓутоа, би го повикал претставникот на Комисијата да ги каже причините за тоа, па дури тогаш ќе се јавам за збор како пратеник по Предлогот на овој закон.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Комисијата има извештај кој е доставен до сите пратеници.

Има збор пратеникот Митко Анастасовски.

II/5

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Едни се бунеа кога беа рефератите кои ги читавме до Кумровец, јас памтам кога почнавме, сега па се пак да се повторат рефератите од Кумровец. Не зборувам на вас, на некој од таа страна, зашто и тие беа во Кумровец.

Јас оваа работа односно овој закон нехотица на седмата седница на ова Републичко собрание сум го барал, барав да се донесе закон за одликување. Меѓутоа, тогаш не се донесе. Потполно се согласувам со господинот Тодор Петров да се донесе тој закон, а што се однесува до одликувањата, јас малку се разликувам од ова што господинот Тодор Петров го предлага, не многу, едно 50% и затоа ќе зборувам овој пат. Но сега треба да го донесеме предлогот на законот за одликување.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието....

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:** (се уфрла од место)

Не може така, јас барав од Комисијата да ги кажат причините.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Нивно право е дали ќе кажат причини или не. Нивен став е дека нема потреба. Вие до колку мислите да си кажете ваш став повелете на говорница. Вие исто можете да кажете свој став а да не го образложувате.

Има збор пратеникот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ваков став на претседавачот не ми е јасен. Каков е таков е го слушнавте, има став на комисијата, без причини. Не разбирам, дали таква е политиката или јас не разбирам навистина како човек тоа е друго прашање.

II/6

Господа, потреба да има за овој закон да се донесе, има. Ако сакаме да покажеме одбележоци на една самостојна држава, не можеме да се китиме со ордења и други одликувања кои имаат идеолошко определување и имаат друга формациска и државна организација. Не може да се задоволи одредбата од член 5 на Уставниот закон да се преземе закон од друга држава кој има поинаква содржина. Овој закон мора да се донесе и јас барав од Комисијата да каже кои се причините, да се разликуваме од децата- имаме инат, немаме инат, затоа и ги барам причините.

Мојата причина за донесување на овој закон е непостоење на општествено, економска и политичка формација СФРЈ да се применуваат тие одликувања на оваа држава. Тоа е основниот елемент., Ако Комисијата кажала дека имаме став да не се донесат, значи застанала така треба да го оценам, застанала да се китиме со југословенски ордени. Ова е политичкиот елемент кој го оправдува барањето на господинот Тодор Петров, и тој направи кога дојде пред Законодавно правната комисија смел чекор кога се одлучи да каже да се расправа само по Предлогот за донесување на законот, односно Предлогот на законот да се расправа на одделна седница односно во II фаза, што значи ни дава можност законот да го видиме поблиску, да се запознаеме со предлозите на истиот и крајно со решенијата на истиот, дали овие одликувања и знамиња кои тој ги предлага ќе одговараат на оваа држава и овој народ рационално, дали ќе имаат одбележоци само во тие такви дадени описи да бидат или ќе има друг опис и друг став и друго мислење, тоа е навистина подобро, ќе се решава со амандмани или самиот предлагач со оглед на определбата на македонецот за лавот како национален и земаљски симбол меѓу овие медали да го има и него.

II/7

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, некои пратеници извлекуваат свои заклучоци од аспект на извештајот и потребата на овој закон, од правен и законодавно правен аспект, давајќи му политички конотации. Не е спорно ништо дека врз основа на определбите на уставот потреба и уставен основ од правен аспект постои. Но треба и точно тоа да се каже дека во рамките на Владата е формирана меѓуресорска група која од сите аспекти го разгледува овој проблем и во најскоро време тоа е во мислењето на Владата- ќе му предложи на овој Парламент закон кој ќе ги регулира сите прашања во областа на одликувањата и овластувањата кои произлегуваат од Уставот за претседателот на Републиката.

Точно е и тоа дека предложениот закон, од кој не да се рече дека нема потреба, не треба да се прифати од причина што истиот тргнува од основите и начелата врз основа на бившиот закон за одликувања од бившата југословенска држава и само преименуваат. одредени термини Република Македонија и слично. Затоа, од тие аспекти, а не од аспект дека нема потреба оваа држава од свои одликувања, во оваа фаза нема потреба да се поддржи овој закон, а треба да се поддржи законот кој ќе биде предложен од страна на меѓуресорска владина група.

**ЕФТИМ МАНЕВ:**

Почитувани пратеници, посебно ме повика дискусијата на последниот дискутант господинот Гештаковски, кој на сличен начин и на Законодавно правна комисија настапи, таков став имаше човекот дека не ја негира потребата. Што негира? На еден ваков начин се негира самиот предлагач. Ако бил господинот Тодор Петров во коалицијата, во позицијата веројатно тој закон ќе поминел како предлог како потреба од донесување на таков закон. Мене ми се чини дека еднаш треба да се престане со едно вакво размислување, до колку било каков закон биде предложен како предлог за донесување на закон од страна на

II/8

опозицијата дека таков закон се подготвува во Владата. Ако Владата подготвувала таков закон, нека го пуштела до сега. Ако Владата веќе подготвила поквалитетно, господинот Тодор Петров нема да биде толку шкрт ниту ова Собрание да не го прифати таков како што ќе го предложи Владата во тој дел на измените. Мене ми се чини дека најреално е ова Собрание малку да работи пофлексибилно во однос и на предлозите и на другата страна. Предлогот на законот заради тоа што и законодавно - правната комисија така дискутираше сите тие закони кои беа прифатени со Уставниот закон од СФРЈ имаа рок на важење до кога. Ова Собрание не успеа во тој рок. Дали ќе треба да чекаме 10 години рок некоја Влада да може да ги подготви. Сум зборувал и друг пат на оваа говорница дека Владата треба да биде среќна ако им предлагаат закони и пратеници и пратенички групи, така што да им дава можност таа да размислува барем на тие концепти.

Мене ми се чини дека неопходно е бидејќи господинот Тодор Петров ги прифати сугестиите на Законодавно правната комисија овој закон да оди како прва фаза, со предлог сите пратеници парламентарни групи и Владата, на крајот ми се чини дека ќе дојде еден таков закон каков што предлага и Владата во таа суштина и само ќе помине денеска една фаза порано , од колку да се чека подоцна.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

За мене е воопшто неосновано давањето изјава од оваа говорница дека законот претставува препис на поранешниот сојузен закон и заради тоа не треба да се прифати. А што, оваа Влада со толку експерти ќе измисли нешто оригинално, македонско, во постапка и методологија за доделување одликувања? Ние завчера го изгласавме законот за царинската тарифа. Целиот е препишан од претходниот Сојузен закон. Што оваа Владата ќе измисли нова тарифа за царински стапки? Или сега да најдеме начин за тоа што владата не е предлагач, нема основа за прифаќање.

II/9

Мене и друго нешто ќе ме принуди да кажам, мислењето дека законот не треба да се прифати, но без никакви причини. Се што се предлага во форма на државничко обележје во овој Парламент од парламентарната коалиција се одбива.

III/1.-ДВ/ОМ

**ТОДОР ПЕТРОВ**: (Продолжение)

Предложивме закон за начин на употреба на државните симболи,се одби. Тоа е нонсенс, држава без државнички одликувања, без начин на употреба на државните симболи и обележја. Меѓутоа некој семта дека тоа воопшто не е потребно. Затоа сметам дека законот не претставува обичен препис од претходниот сојузен закон. Во претходниот закон, ако некој го прочитал има 35 ордени и 6 медали со различна содржина кои соодветствуваат на поранешниот општествено политички систем, социјалистичко самоуправување итн., а овој закон во предлогот што е даден, кој што не е молитва, догма, ги има предвид сите објективни услови на новиот општествено - политички систем во државата Македонија. Затоа и се предлага. Постапката е сосема јасно дадена и сметам дека нема никаква причина да биде одбиен. Работната група работела. Работната група работи, а не знаеме кога ќе го заврши тој предлог за донесување на закон.

Министерот за правосудство даде образложение, немаме грб, затоа не се предлага.

Во поранешните одликувања на поранешна СФРЈ се аплицираше симболот што беше на знамето. Ние симбол на знамето во оваа држава имаме. Ако некој не го прочитал и мисли дека не треба да се најде на орден или одликување, медал, од оваа држава, како што направи министерот за внатрешни работи со регистарските таблички, отпечати една серија со сонцето па ги симна од употреба, тоа е друго прашање, ако се прават некои калкулации. Меѓутоа ние симболи имаме и не гледам причина зошто истите не би можеле да се аплицираат на државните одликувања, а за сметка на тоа некој сега да вели препишан е законот

некои неосновани образложенија да се нудат од оваа говорница само и само да не се прифати. Оваа држава нема основа само да ги казнува луѓето. Има обврска и да ги одликува и наградува. Не само граѓаните на Македонија туку и странски државници. Ние гледаме дека имаме сили на унпрофор во РМ. После секоја промена нивните команданти ги одликуваат. Нашиот претседател, затоа што нема законска основа и закон не може со ништо друго да ги одликува освен со еден поздрав добро ни дојдовте и пријатно си отидовте. Затоа сметам дека нема причина да се чека, имајќи предвид колку седници имаме не завршено, колку точки од она што сме ги започнале треба да дојдат на постапка и одлучување во овој парламент. не гледам дали воопшто парламентот по предлог на Влада, ако го добиеме тој закон ќе има можност да се произнесе во овој мандат. Нема причина да се одолговлекува постапката за донесување. Затоа и е даден во форма на предлог за донесување на закон со пропишана методологија и постапка на доделување на одликувањата, што е меѓународно стандардно прифатена. Сметам дека во прва фаза парламентот би требало да даде позитивно мислење односно глас за предлогот за донесување на законот, што не значи дека во втората фаза сите сугестии и предлози па макар и оние во форма што ќе ги предложи Владата не може да бидат вградени Парламентот да го донесе законот за одликување на Република Македонија.

**ЉУПЧО ГОРЃИЕВСКИ:**

Морам да кажам дека го поддржувам законот предложен од независниот пратеник господин Тодор Петров и покрај тоа што имам, сигурно, многу лични забелешки на содржината на предлозите. Сметам дека може да се најдат и многу подобри решенија. Меѓутоа во оваа поддршка што ја давам сега на неговиот предлог не е толку битна содржината на самите предлози туку идејата односно потреба од донесување на еден таков закон во Република Македонија.

III/3.-

Сметам дека ордените се еден од главните симболи на секоја независна и самостојна држава и оттука не изненадува ставот на коалицијата, на Владата на РМ која се противи на еден начин на заокружување на тој дел од симболите на РМ односно на нашата независна и самостојна македонска држава.

Сметам дека на Владата на РМ не може да и се прости што еве минуваат три ипол години од создавањето на самостојна и независна македонска држава и од влегувањето на пратеничкиот состав во овој македонски Парламент, а што се уште во РМ немаме ордени кои македонската држава ќе ги дава не само на истакнати личности од внатрешниот живот на РМ туку, пред се она што може да има и поголемо значење, тоа е симболи односно одликувања, ордени на луѓе кои доаѓаат од странски држави кои придонеле со своето дело, со своите ставови и со својата политичка борба за побрзо меѓународно признавање на РМ или пак станале веќе докажани пријатели на македонската држава. Сметам дека тоа е една крајна несериозност од страна на македонската Влада и коалиционите партнери кои ја поддржуваат таа македонска Влада. Можам да кажам дека мене тоа воопшто и не ме изненадува, една ваква блокада на комплетното заокружување на меѓународната позиција на РМ на симболите на една држава. Сигурно во таа смисла не е лошо да се потенцира односно да се потсетиме и на она што го нарекуваме грб на една независна и самостојна македонска држава. Ние веќе влегуваме во четвртата година од овој состав на македонскиот Парламент и се плашам дека ќе излеземе од овој Парламент, овој состав, а немаме грб на независна и самостојна македонска држава. Се уште се служиме со еден грб кој кога некој ќе го погледне од странство нема да знае дали е на Северна Кореја, Кина или На Република Македонија и сигурно дека повеќе од непростливо е за сите пратеници кои седат во овој  македонски Парламент посебно за државните

раководители кои исто така можат да го иницираат овој проблем, пред се претседателот на РМ, претседателот на Собранието и претседателот на Владата на РМ кои го блокираат донесувањето на грбот на РМ.

Уште еднаш само ќе потенцирам дека Парламентот, сметам, треба да го поддржи овој закон на господинот Тодор Петров. За содржинските предлози»може да се дискутира и еве тука Владата нека се покаже, ако веќе сака да поднесе свои решенија нека даде некои измени на неговите предлози. Јас верувам ако се стават некои уште по национални обележја во тие ордени и во тие симболи сигурно повторно ќе бидат прифатени од македонскиот Парламент. Сметам дека крајно време е Владата на РМ и коалиционите партнери да почнат да се однесуваат конструктивно во однос на предлозите на опозицијата, да почнат да се однесуваат малку со поголемо чувство за македонската државност. Сметам дека на сите тоа ќе им биде една голема предност и навистина на тој начин ќе се внесе еден поголем дух на конструктивност во работата на македонскиот Парламент.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, сметам дека на нашата држава и е потребен овој закон . Самиот факт што господинот Петров поднесе Предлог за донесување на овој закон, а се откажа од предлогот на закон јасно зборува за една оперативност на самиот предлагач да се вклопи во системот на работата на овој Парламент. Со други зборови се даде можност да се надмине една присутна практика дека се она што се предлага од опозицијата или независните пратеници наидува на одбојност од страна на коалицијата. Имаме бројни примери каде тоа се потврдува во практиката и на дело. Се што доаѓа од опозицијата не може да мине едноставно бидејќи не е предлагач некој пратеник од позицијата

Имавме примери кога поднесуваа барања за одредени закони пратеници од позицијата јасно е дека Владата во своите мислења не се ограничува, не зазема мислење како што зазема мислења во однос на предлозите што доаѓаат од опозицијата. Од тука сметам дека периодот од три години е доволна рамка на време оваа Република да се определи за донесување на закон без да се одлага натамошното доенсување на законот за одликувањата, како што е предложен од господинот Петров. Идејата е многу благородна. На оваа држава и треба ваков закон. Меѓутоа во натамошната фаза би требало да се размисли и за конкретниот предлог дека еден од ордените треба да биде златниот лав. Со тоа ќе се надмине една состојба, една неправда према овој македонски симбол што го имавме во постапката на законите кои се носеа за утврдувањето на грбот на Република Македонија.

Да не должам. Сметам дека мислењето на Владата во случајот до колку не се донесе законот како што е предложен во оваа фаза од господинот Петров, верувам дека Владата ќе дозволи после триипол години да предложи закон за посмртно одликување на многу заслужни граѓани и државници на Република Македонија. А посмртно одликување мислам дека не и примери на Република Македонија во овие услови на меѓународно признавање и нејзиното живеење на Балканот. Таков закон веројатно ќе и личи на Владата.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок

1. Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за одликување на Република Македонија.

2. Предлагачот ќе изготви и на Собранието ќе му достави предлог на закон.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела да се достави до предлагачот на законот, пратеникот Тодор Петров.

Кој е за овој заклучок молам, да крене рака? (29)

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Господинот Цветан Јовчевски има процедурално прашање.

**ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:**

Бидејќи се сомневам во гласањето, барам поддршка од 10 пратеници и поединечно гласање.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Дали има поддршка од 10 пратеници?

Констатирам дека има поддршка од 10 пратеници и молам да одиме на поединечно гласање.

Го молам секретарот да изврши поединечно гласање.

(Секретарот излегува на говорница и врши прозивка за поединечно гласање).

III/7.-

| | |
|---|---|
| 1. ФАИК АБДИ | против |
| 2. ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА | за |
| 3. ЕШРЕФ АЛИЈУ | против |
| 4. ХАМИТ АЛИУ | против |
| 5. МИТКО АНАСТАСОВСКИ | за |
| 6. СТОЈАН АНДОВ | не е тука |
| 7. ТИМЕ АНДОНОВ | не е тука |
| 8. ГОЦЕ АНДОНОВСКИ | за |
| 9. НИКОЛА АПОСТОЛОСКИ | за |
| 10. ЛАМБЕ АРНАУДОВ | не е тука |
| 11. ДРАГИ АРСОВ | за |
| 12. БРАНКО АРСОВСКИ | воздржан |
| 13. ДУШКО АРСОВСКИ | не е тука |
| 14. ЃОРЃИ БОЈКОВСКИ | против |
| 15. ЈОРДАН БОШКОВ | за |
| 16. ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ | за |
| 17. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ | против |
| 18. ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ | не е тука |
| 19. ПЕТАР ГОШЕВ | не е тука |
| 20. ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ | за |
| 21. САНДЕ ДАВЧЕВ | не е тука |
| 22. РАТКА ДИМИТРОВА | не е тука |
| 23. ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ | не е тука |
| 24. ТОДОР ДИМОВ | за |
| 25. ДОСТА ДИМОВСКА | за |
| 26. БОРКО ГОРЧЕСКИ | за |
| 27. ДУШКО ГОРГЕСКИ | против |
| 28. ПЕТАР ГОРГИЕВ | не е тука |
| 29. ЗУДИ ЕМИНИ | против |
| 30. ЈОРДАН ЗАФИРОВ | не е тука |

III/8.-

31. ГОРАН ЗАФИРОВСКИ за
32. НАСЕР ЗИБЕРИ не е тука
33. ВАСИЛ ЗИМБАКОВ не е тука
34. ВАНЧО ЗЛАТАНОВ воздржан
35. БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ не е тука
36. ИВАН ИВАНОВ воздржан
37. ЉУБОСАВ ИВАНОВ не е тука
38. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ воздржан
39. СИМЕОН ИВАНОВСКИ воздржан
40. ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ не е тука
41. РИСТО ЈОВАНОВ за
42. ЦВЕТАН ЈОВЧЕСКИ за
43. РИСТО ЌЕЛЕШОВ не е тука
44. ТАШКО КИРОВ за
45. ЗОРАН КИТЕВ не е тука
46. КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ за
47. СТОЈАН КОВАЧЕСКИ не е тука
48. ЃОРЃИ КОТЕВСКИ не е тука
49. ЗОРАН КРСТЕВСКИ за
50. ~~НИКОЛА КРСТЕВСКИ~~
51. БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА не е тука
52. ВЕЦКО ЛИЧОСКИ за
53. КОЛЕ ЛУЛОВСКИ за
54. ЕФТИМ МАНЕВ за
55. ЈОВАН МАНЧЕВСКИ за
56. ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА не е тука
57. ФЛОРЕ МАСАЛКОВСКИ не е тука
58. МАРИН МИЛЕНКОВСКИ воздржан
59. СТРАШО МИЛКОВСКИ воздржан
60. ПАНЧО МИНОВ не е тука
61. ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ не е тука
62. ТРАЈАН МИЦЕВСКИ за
63. ВАНЧО МЛАДЕНОВ воздржан
64. ЏЕЛАДИН МУРАТИ не е тука
65. АВДИ МУРТЕЗАНИ воздржан

III/8.-

| | |
|---|---|
| 66. НАИФ МУСТАФА | против |
| 67. ПАНЧЕ НАСЕВ | не е тука |
| 68. СЛАВЕ НАУМОВСКИ | воздржан |
| 69. СИМОН НАУМОСКИ | не е тука |
| 70. БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ | не е тука |
| 71. ЈОВАН НИКОЛОВ против | не е тука |
| 72. ДУШАН НИКОЛОВСКИ | против |
| 73. МИХАИЛ ПАНОВСКИ | не е тука |
| 74. ТОДОСИЈА ПАУНОВ | за |
| 75. ТИТО ПЕТКОВСКИ | не е тука |
| 76. ТОДОР ПЕТРОВ | за |
| 77. ТОМИСЛАВ ПЕЦАКОВ | не е тука |
| 78. МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ | не е тука |
| 79. ДИМИТАР ПОПОВСКИ | не е тука |
| 80. КИРО ПОПОВСКИ | воздржан |
| 81. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ | воздржан |
| 82. НИКОЛА ПОПОВСКИ | против |
| 83. ШАБАН ПРЕВАЛА | против |
| 84. БОЖО РАЈЧЕВСКИ | не е тука |
| 85. ИСМЕТ РАМАДАНИ | не е тука |
| 86. ИВАН РАМБАБОВ | воздржан |
| 87. ШУКРИ РАХИМИ | воздржан |
| 88. ФЕРИД САДИКУ | не е тука |
| 89. НЕИМ СЕЛМАНИ | не е тука |
| 90. НАУМ СИМЈАНОВСКИ | не е тука |
| 91. АЦО СПИРОВСКИ | за |
| 92. РИСТО СТАМЕНОВ | не е тука |
| 93. РИСТО СТАНКОВСКИ | не е тука |
| 94. ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ | за |
| 95. СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА | воздржан |
| 96. НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ | воздржан |
| 97. НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ | воздржан |
| 98. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | за |
| 99. СТОИЛЕ СТОЈКОВ | за |
| 100. ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ | воздржан |
| 101. ЏЕЛИЛ ТАИРИ | воздржан |

III/10.-

| | |
|---|---|
| 102. ГОЦЕ ТЕМЕЛКОВСКИ | за |
| 103. ПЕТАР ТЕМЕЛЌОВСКИ | за |
| 104. БЛАГОЈ ТОШЕВ | за |
| 105. ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ | воздржан |
| 106. ПЕТРЕ ТРАЈКОСКИ | не е тука |
| 107. ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ | за |
| 108. ДУШАН ТРПЧЕВСКИ | не е тука |
| 109. АГИМ ФАЗЛИУ | против |
| 110. АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ | за |
| 111. МУХАМЕД ХАЛИЛИ | против |
| 112. АБДУРАХМАН ХАЛИТИ | воздржан |
| 113. БЛАГОЈ ХАНЦИСКИ | не е тука |
| 114. СЕЈФЕДИН ХАРУНИ | против |
| 115. СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ | воздржан |
| 116. НЕЏАТИ ЏАФЕРИ | против |
| 117. АЛИЛ ЦАФЕРОСКИ | не е тука |
| 118. ВЕБИ ЏЕМАИЛИ | против |
| 119. БЛАГОЈА ЧКАТРОСКИ | за |
| 120. ХИСНИ ШАКИРИ | против |

IV/1 /JM/лј

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Гласале 73 пратеници, 33 пратеници гласале за, 17 против и 23 воздржани.

Според тоа, констатирам дека заклучокот не е усвоен.

Минуваме на **точката 12** - Предлог за донесување на закон за утврдување официјален национален празник на Република Македонија, со Предлог на закон.

Предлагам и по оваа точка пратеник да говори само еднаш и тоа во траење до 7 минути, а координаторите на пратеничките групи во траење до 15 минути.

Кој е за овој предлог, молам да крене рака?

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:** ( од место)

Нема кворум.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Повелете господине Флоровски на говорница доколку изразувате сомневање во кворумот. Според мене има повеќе од 60 присутни пратеници.

Кој е за овој предлог да крене рака?

Предлогот доби поддршка од 30 пратеници, значи не е усвоен.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието како и мислењето на Владата Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Комисијата за општествено - политички систем оценува дека нема потреба од донесување на овој закон заради тоа што со него во целост не се уредуваат прашањата во врска со државните празници на Република Македонија, и дека прашањето за утврдување на официјален национален празник на Република Македонија треба да се уреди со Законот за државните празници во Република Македонија кој е во

постапка на донесување, поради што предлага да се одбие Предлогот за донесување на овој закон.

Молам, кој бара збор?

Има збор, пратеникот Тодор Петров.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Комисијата за општествено - политички систем можеби добро констатирала дека со предложениот закон во целост не се уредуваат прашањата во врска со државните празници на Република Македонија. Меѓутоа, од насловот на законот сосема децидно може да се заклучи дека предлагачот немал ниту цел да предложи закон со кој во целост ќе се уредат прашањата во врска со државните празници на Република Македонија. Насловот на законот е закон за утврдување официјален национален празник на Република Македонија. Мене ме чуди контрадикторноста на Влада и незаинтересираноста во овој поглед кога самата си запаѓа во контрадикторности. На 9 септември 1993 година, Владата испрати еден допис до Собранието кој гласи: Тргнувајќи од тоа дека по приемот на Република Македонија во ООН, Република Македонија има обврска да го нотифицира својот национален празник. Владата на Република Македонија на седницата одржана на 28 јули 1993 година, укажа на потребата Собранието на РМ, да го утврди денот што ќе Се смета за официјален државен празник на Република Македонија. Ова е потребно и заради тоа што до министерството за односи со странство и до претставништвата на Република Македонија во странство пристигнуваат барања од министерства за надворешни работи на одделни земји за утврдување на националниот празник на Република Македонија. Тоа е една и од обврските на членките на ООН да го нотифицира својот официјален национален празник кој што се дистрибуира до сите членки на ООН. Од овие причини независно од во постапка предложениот закон за донесување, за утврдување на државните празници на Република Македонија, кое прашање е кога

IV/3.-

воопшто ќе пристигне на дневен ред во Собранието. Како овластен предлагач предложив предлог за донесување на закон за утврдување на официјален национален празник на Република Македонија, кој што му предлагам на Собранието да го донесе по скратена постапка бидејќи не претставува сложен и обемен текст. По приемот на Република Македонија во ООН. Републиката како држава има обврска да го нотифицира својот официјален национален празник заедно со државните симболи, бидејќи и официјалниот национален празник на државата претставува едно од националните, односно државничките обележја на секоја држава. Лично сметам дека има основа официјалниот национален празник да биде утврден во посебен лек специјалис закон независно од содржината на Предлогот за донесување на закон за државните празници на Република Македонија. Тргнувајќи од фактот дека на Првото заседание на АСНОМ на 2 август 1944 година, донесено е решение за прогласување на Илинден 2 август за народен државен празник на македонската држава и од историското значење на овој датум се предлага текстот на Предлогот на законот да гласи фактички само од еден член, а тоа е дека за официјален национален празник на Република Македонија се утврдува 2 август денот на македонската државност. И член 2 овој закон влегува во сила осмиот ден од објавувањето на Службениот весник на Република Македонија. За мене е несфатливо како после 6 месеци на први декември 1993 година, Владата донесува мислење дека празниците треба да се уредат со единствен закон и затоа не се прифаќа предложениот закон. Фактички со тоа си го негира претходното свое мислење со кое ургентно барало од Собранието да го определи и утврди официјалниот национален и државен празник. Па токму и заради значењето на 2 август кој што со посебно решение укажав е утврден за национален државен празник уште на 2 август 1944 година, на првото заседание на АСНОМ. Сметам дека независно од содржината на предлогот на законот за државните празници треба посебно да се

утврди и уреди со закон, односно определи за да и на Владата и ја олесниме работата. Врз основа на закон и нејзино барање да може да го нотифицира официјалниот национален празник во ООН и до нејзините членки. Од тие причини сметам дека Собранието треба да го донесе предложениот закон по скратена постапка заедно со Предлогот за донесување на оваа иста седница и Предлогот на законот.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Има збор пратеникот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, Собранието на Република Македонија се доведе во непријатна ситуација да има во постапка закон за државни празници во Република Македонија. Меѓутоа, заради познатите причини Законот уште во комисиската работа се доведе во такви околности да тој не можеше да биде донесен во Собранието. Во меѓувреме поднесен е овој предлог за донесување на закон за кој сега расправаме со соодветното мислење на Владата кое го имаме пред нас. Пратеничката група на Социјалдемократскиот сојуз предлага на Собранието, Собранието на Република Македонија денеска да расправа и по Предлогот за донесување на закон и по Предлогот на закон и Собранието на Република Македонија да го изгласа овој закон со следниве забелешки кои мислам дека предлагачот треба да ги прифати.

Прво, донесувањето на овој закон да важи се до тој момент додека Собранието во овој, или во еден од идните состави не донесе закон за државни празници, целосен како што предлага Владата и со еден од преодните и завршните одредби на тој закон да се каже дека по донесувањето на тој закон во кој втори август ќе се утврди како државен празник на Република Македонија престанува да важи овој закон кој сега се донесува и со тоа практично да овозможиме во Република Македонија

IV/5.-

да го нотифицираме државниот празник се до оној момент додека се усогласиле и за другите празници кои треба во РМ да се слават како верски, или како државни и во оној момент кога Собранието на РМ по тоа прашање веројатно ќе постигне консензус би било непријатно да се надгласуваме се разбира за празниците во Република Македонија. Тоа е се разбира предлог до Владата која кога ќе го поднесе законот за државни празници ќе треба да го има во предвид тоа дека со тој закон овој да се укине за да нема два закони посебни.

Второ, мислиме дека би било соодветно, иако сега ние како пратеничка група немаме поднесено формално до Собранието амандман на законот. Ние го повикуваме јавно предлагачот на законот господинот Тодор Петров со сопствена усмена изјава во Собранието да понуди амандман и на насловот и на единствениот член на законот во кој ќе гласи: утврдување на официјален државен празник на Република Македонија во насловот. И во член 1, за официјален државен празник на Република Македонија се утврдува 2 август денот на Македонската државност. Сметаме дека во Собранието нема да има проблеми и пратеничката група на Социјалдемокатскиот сојуз ќе го поддржи донесувањето на законот по скратена постапка денеска доколку пратеникот кој е предлагач се согласи со усмено изјаснување, да поднесе амандман на единствениот член и на насловот и на членот на законот.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

дали некој друг бара збор?

Со напомена дека предлогот доколку прифати предлагачот да поднесе амандман треба во секој случај писмено да се даде. Едновремено бидејќи очигледно Владава денеска решила да апстинира од парламентот, давам пауза како би можело претставниците на Владата да бидат присутни.

Предлагам пауза од 13,30 до 14,30 часот.

V/1 РД/ПН

(По паузата)

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Продолжуваме со работа. До Собранието на РМ, поднесен е амандман од самиот предлагач за донесување на закон за утврдување на официјален празник на РМ, кое е составен дел на. Текстот на законот, кој во меѓувреме ќе го добиете.

Амандманот на Предлогот на законот за утврдување на официјален празник на РМ е во насловот на Предлогот на законот зборот "национален" да се замени со зборот "државен".Според тоа, званичниот наслов на законот би било: "Амандман на Предлогот на законот за утврдување на официјален државен празник на РМ". Меѓутоа, ја молам Службата амандманот во писмена форма да биде поделен до сите пратеници.

Молам, кој бара збор?

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Имам деловничка забелешка ќе го цитирам членот 316 од Деловникот за работа на ова Собрание. Ако не е во прашање сложен или обемен закон на Предлогот за донесување закон, може кон тој предлог да поднесе и Предлог на закон и предлогот на закон да се претресе на истата седница на надлежните собори на кое се претресува и предлогот за донесување на закон. Од кога ќе утврди дека е потребно да се донесе закон, надлежниот собор, односно ова Собрание ќе одлучи по предлогот на истата седница да се претресе и Предлогот на законот. Затоа мислам дека претседавачот би требало да ја продолжи расправата по предлогот за донесување на закон, а амандманите ќе бидат по текстот на Предлогот на законот.

Јас само информирав дека во меѓувреме од предлагачот од Предлогот за донесување на законот е поднесен конкретен амандман Инаку објавив дека дискусијата продолжува по предлогот за донесување на закон.

Дали некој бара збор?

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Јас би дал една сугестија на предлагачот од аспект што носиме, велиме закон за утврдување официјален национален празник на РМ. Логично е дека ако донесеме закон и ако го утврдиме 2-ри август дека тоа ќе биде национален празник на Републиката, а нема потреба од зборот "официјален". Од самата природа на зборот произлегува дека нема потреба од оптоварување на текстот и треба без "официјален".

Бидејќи еднаш излегов сакам да кажам дека паузата ја искористивме за некои консултации и јасно е дека сите држави во меѓународното општење меѓу државите си ги честитаат националните празници на државите. Во Законот за работни односи зборува за девови на празници. Такви може да имаме многу празници, меѓутоа, не се честитаат тие празници од аспект на државноста на Републиката па од тука треба да се утврди национален празник какви што ги имаат сите во светот. Тоа е само еден, а никако државни празници кои што ги има повеќе. Во таа смисла сметам дека амандманот што го поднел предлагачот е избрзан и небитен. Треба да си остане на првобитното решение да биде национален празник.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници, не сакам да повторувам што г-динот Стефковски рече, меѓутоа, сакам да кажам

уште 2-3 реченици. Се знае дека имаме државни празници! и национален празник. Зошто се двоиме од сите држави ние да не прогласиме свој национален празник. И од кого се срамите вие господа и од кого се плашите да донесеме закон за национален празник на РМ.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Потврдувањето на национален празник на една држава е исто така како симболика на една држава и нејзината државност како што беа знамето, грбот и одликувањата. Меѓутоа, сметам дека навистина крајно време е за македонската држава исто така да го потврдат односно да го изгласаат својот национален празник кој ќе се празнува како најголем празник не само во РМ, туку тоа ќе биде еден чин кога и сите наши дипломатски претставништва и конзулати и дијаспората навистина ќе се соединат на тој празник и едноставно ќе биде тоа ден на Македонија во цел свет. Во таа смисла ја поддржувам идејата на независниот пратеник Тодор Петров за донесување на таков национален празник за одбележување на национален празник во РМ и од тука сметам дека вториот амандман е поднесен на некој начин, место национален празник да се воведе поимот државен празник, битно ја менува суштината на Законот. Од кои причини? Ги поддржувам сите овие ставови што беа изнесени од претходните пратеници дека сепак секоја држава покрај националниот празник има и многу државни празници. На тој начин може да се каже дека и ден денес 2-ри август е државен празник на РМ, како што и многу државни празници се државни, почнувајќи од 1-ви мај, 8-ми септември, сите оние денови што се одбележуваат во РМ. Во таа смисла јас сфаќам идејата на Тодор Петров со донесуваше на закон за национален празник 2-ри август да го издигнеме на едно поголемо ниво

од останатите државни празници во РМ и од тука не гледам потреба да се враќаме назад да го именуваме со државен празник, затоа што веќе реков дека државни празници во РМ постојат повеќе и со тоа ако и овој празник го крстиме државен не добиваме ништо. Фактички ние имаме други државни празници. Од тука ја поддржувам и првичната идеја да остане официјалното име национален празник на РМ од причини што како национален празник 2-ри август веќе ќе можеме да го дадеме во целата меѓународна јавност и како ние што им честитаме на другите држави национални празници, така и ние да добиваме честитки од другите држави по повод нашиот национален празник. Сега за жал постои една конфузија во тој поглед. Тоа е првата димензија.

Инаку, исто така на некој начин мошне ми е мило што пратеничката група на СДС ќе покаже иницијатива за компаративност да се дојде до заеднички јазик, меѓутоа сметам дека тие влегуваат во една забуна. Верувам дека тоа е од чиста позиција, верувам дека тоа сепак е една забуна од позиција што за жал ние ако го оставиме името "државен" ние повторно ништо не добиваме. Од каде произлегува забуната- Забуната произлегува од онаа дискусија што се води во РМ веќе 3,5 години, тоа е дискусијата каква Македонија градиме ние, Македонија како национална држава или Македонија како граѓанска држава. Тоа се гледа од самата нивна иницијатива.- Да не биде национално, туку да биде државно. Нешто како да битно се менува во терминологијата, а не во суштината. За жал, според мене ние не треба да наседнуваме на таква клопка во нашата свест и во нашите политички настапи, затоа што според сите стручни мислења кој денеска се во Македонија повеќе од јасно може да се види дури од изјавите на некои државни раководители, дека меѓунационалната држава и граѓанската држава немаат битна разлика.

Тоа го покажува искуството на секоја европска држава,тоа го покажува искуството во сите држави во светот и практично секоја држава што денеска се формира не само граѓанска туку и национална држава. Од тука ние не треба да бегаме од тој поим национално, како што бегаме во сите други сфери, така да секоја држава има своја национална армија, има своја национална одбрана, има свои национални екипи во спортските натпревари, има национално претставување во странство, имаме национална историја, имаме национална политика и на крајот дури кога станува збор за терминологијата ние сме членка на обединетите нации како македонска нација, значи нашата нација е влезена како членка на ООН и еден класичен пример пред 2-3 дена беше доставен пред Македонскиот парламент формиран>е на Интерпарламентарна комисија за влегување во парламентите. Овде до нас е доставено предлог за формирање на пратенички групи, додека во оригиналниот предлог јасно станува збор за национални групи, не за пратенички: групи, туку за национални групи. Што значи тоа. Секој пратеник што е присутен во таа пратеничка група ќе биде претставник на национална група без разлика дали е по потекло Албанец, дали е Влав, дали е Србин или е Македонец. Од тука го давам ова објаснување да не навлеземе во таа клопка која цело време се форсира во РМ дека националната држава е нешто различно од граѓанската држава, напротив можеме и мораме да кажеме дека секоја граѓанска држава во својата суштина е национална држава. Од тука конечно мораме еднаш за секогаш да ја прифатиме терминологијата со која се однесуваме кон сите држави во светот..Секој граѓанин на РМ кога разговара и комуницира со некој претставник со меѓународниот свет, а тоа значи со документите на Македонија да речеме овие кои треба да ги изгласаме за национален празник комуницира во името на македонската држава односно на Македонската нација која произлегува од тоа. Од тука крајно е време ние

во Македонија да јас прифатиме оваа терминологија која е прифатена во сите држави европски, тоа е дека сите граѓани кои живеат во РМ се Македонци. Меѓутоа, Македонци од албански производ, од турски, од српски, од ромски,и нормално Македонци кои произлегуваат од самата македонска нација.

Сметам дека со прифаќањето на овој предлог за национален празник на РВД конечно и одредените малцинства во РМ ќе се согласат со тоа дека со создавањето на македонската државност најде нов начин излегува и македонската нација, македонска нација во политичка смисла, токму во таа смисла што секој Албанец што е денеска претставник во Македонскиот парламент, кој треба да не претставува пред меѓународната јавност, исто така кога ќе комуницира со таа меѓународна јавност, јасно ќе каже дека е Македонец. А после, ако некој го потпраша дали е и од која група произлегува може да каже дека е од Албанската, Српската, Турската или Ромската национална група. Токму во таа смисла сметам дека ние не треба да бегаме од таа меѓународно прифатена терминологија. Ако имаме обединети нации, тие обединети нации јасно во своето писмо бараат национален празник на РМ, тогаш ние треба и да го изгласаме и националниот празник на ?М и тој национален празник да биде официјален празник на РМ, официјално пријавен до ООН и според тој национален празник сите останати држави ќе не прифатат и ќе ни честитаат во една нормална меѓудржавна процедура. Сметам дека навистина крајно време да почнеме во РМ да го воведеме поимот "национално", како што е национален празник, национална армија, како што се национални спортски репрезентации и сето она каде се употребува поимот "национално". Повторно пак ќе речам во нормалниот свет граѓанското и националното е синоним едно за друго. Во нормалниот  европски свет нацијата е синоним за државата.

Од тука ние не треба да јас правиме оваа вештачка дистинкција што сега ни се наметнува дека државноста е нешто друго, а нацијата е нешто друго. Државноста и нацијата се 2 исти работи и ние од таа европска норма од таа меѓународна норма нема потреба да бегаме, напротив тој дух треба да го зацврстуваме се повеќе и повеќе. Сметам дека преку донесувањето на таквите закони ќе им се даде шанса сите малцинства кои живеат во РМ навистина да почнат да се чувствуваат како вистински граѓани и државјани на РМ.

**ВЛАДИМИР Г0ЛУБ0ВСКИ:**

Токму поаѓајќи од определувањето за тоа дека Македонија е национална држава на македонскиот народ сметам дека амандманот има оправдување и треба на овој празник, ќе предложам да му се даде највисока можна позиција. Тој мора да биде државен празник, зашто 'Македонија се подразбира како национална држава на Македонскиот народ и секое посебно даваше на опис национално е еден понизок степен. Дава можност дека постојат и други колективитети во Македонија од аспект на државотворен народ. Затоа сметам дека би било опасно денес да прифатиме едно оспорување на овој амандман, токму поради тоа што гледам дека дискусиите и на оние кои што сакаат овој амандман да го оспорат поаѓаат од ист становишта дека Македонија е национална држава на Македонскиот народ.

Затоа го поддржувам амандманот на г-динот Тодор Петров и сметам дека 2-ри август треба да биде државен празник на Република Македонија.

VI/1 ПЈ/СЛ

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Има збор пратеникот Ештреф Алиу.

**ЕШТРЕФ АЛИУ:**

Почитувано Претседателство, дами и господа пратеници, Поставувам едноставно практично прашање, што ние воопшто расправаме сега и дали има предмет на расправа кога авторот овој амаднман го повлекол?

Втора работа многу ми е жал на претходните двајца дискутанти изразија голем степен на незнаење и на наивност, што е држава, што е нација и дали може да се поистоветува државата со нацијата, т.е државното со националното.. По нивното толкување мене не ми дозволува моралот да го изговорам тоа, но испаѓа вака. Македонците постојат од денот на влегува во ООН од денот на признавањето на државата. Друг пат размислете малку повеќе на говорница, и одговор на сите тие кои сакаат ова демократско општество, овој квалитет на Македонија, оваа интелигенција македонска, овој демократски дух кај новиот Македонец, оваа готовност и ориентирање на Македонецот кон Европа, да го вратат кон почетокот на 18 век и поназад, нека внимаваат малку повеќе. Надвор од Собранието РМ нека држат лика и предика. Во спротивно ова Собрание, и морална одговорност на тие што седат во клупите е да дадат прав одговор, а тој одговор бара и време, тогаш ќе отвориме расправа со конкретни теми. Па имаме Академија на науки и научници кои ќе ни кажат компетентно, а не да губиме време во Собранието.

Благодарам.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Г-дин Луловски. ... не не ве спомна.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Рече претходните два говорника, и Ве молам, малку покултурен однос од Претседателството, а г-динот Ештреф, тоа што ми го стави како забелешка, можеше да го каже на говорница, да се разобличи во неговата примитивност, пред македонската јавност, а не да се крие. Кажи го на говорница тоа конечно, да видат колку си културен.

Тој изнесе нешто што е длабоко противречно и не изненадува многу,но овој пат реагирав затоа што заслужува внимание оваа проблематика. Сакаше да протури теза во име на еден од говорниците, веројатно и на мене за тоа дека наводно Македонија станала држава со влегувањето во ООН, што не е точно, Македонија има како сукцесор позиција повеќе децениска околу државноста, тоа не е спорно, за во понатамошниот тек да каже новиот Македонец. Па сега што тврди г-динот Ештреф Алиу, Македонија е нова или не е нова? Јас да му кажам дека Македонецот не може да биде нов, дека на овие простори повеќе илјади години е присутен. И да престанат тие циркуски работи, што некои пратеници на ПДП ги прават на говорница.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Ве молам, за тишина.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Надвор од тоа што ви е вешто припремено и од други центри, вие навистина овде не можете ништо друго да покажете. Повелете еднаш покажете колку вредите стварно, колку вие вредите стварно овде во Парламентот.

Г-динот Ештреф Алиу, реплика.

**ЕШТРЕФ АЛИУ:**

Јас тоа што го кажав, го кажав за пратениците не за јавноста. Не е мој проблем, дали телевизијата дозволува да се општува до јавноста. Јас работите ги кажувам со своја глава и своја уста, и толкувач на моите мисли не ми требаат, не барам. Затоа дозволете да ви кажам , јас имам цврсти докази дека претходниот дискутант не поседува такви извонредни способности да биде читач на туѓи мисли. Јас што мислам кажаувам на говорница, тоа што го чувствувам дека е потребно, дека е корисно, тоа го кажувам. За другите работи и мислам , јас општував со мислите искажани и изрази, мое несогласување, а не со личностите. Мене не ми е потребно, апсолутно не осеќам никаква, дури и никогаш со конкретниот господин да полемизирам било за што. А, за г-дин Георгиевски тоа не важи. Друг пат друг одговор.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Има збор пратеникот Луловски.

**КОЛЕ ЛУЛОВСКИ:**

Господа пратеници, веќе се дискутира веројатно овде за еден закон, понуден од г-дин Тодор Петров, како независен пратеник, но, сакам да ве потсетам дека на ова исто Собрание 1960 година се има донесено ваков исти закон , со текст кој што се однесува токму на амандманот што го нуди Тодор Петров. Во "Службен весник" бр.24 1960 година,"2 Август, ден на Илинденското востание и одржување на Првото заседание на АСНОМ е прогласен ден државен празник на тогашна Социјалистичка Република Македонија.

Сите овие дискусии што ги отворивме и понатаму што ќе ги отвориме, без да ги погледаме последиците, но последиците јасни се, бидејќи прејдовме повеќе на меѓунационални односи во колку на една конструктивна дискусија, е резултат точно на ненавремено упатување и разгледување на тие документи. Но сепак многу е важно претходно да видиме што сакаме, па и целта која ни е, па после да ја постигнеме точно целта.

Ваков државен празник што сега ни е понуден со Амандмано1 на Тодор Петров, автоматски, сепак правниците треба да понудат него ние што не сме правници, овде има многу правници. Член 2 веќе во самиот закон веќе отпаѓа бидејќи јас добив искуство како правник од овие 2-3 години што седам овде во овие клупи, прво треба да се анулира, т.е. да престане стариот закон донесен 1960 година од тогашното Собрание. Мислам апелирам до Тодор Петров да го погледне "Службеникот весник" 1960 година и да расчистиме дали се работи за национален празник или државен празник. Не треба да ги негираме тогашните државни празници кои беа прогласени на ова Собрание со таканаречени нови празници. Тоа ќе биде последица да ние ќе треба да докажеме од некој си прием во ООН да преминавме во држава итн.

Тука во "Службен весник" 1960 година, уште еднаш ви повторувам, јасно стои "државен празник на Македонија" итн. Доколку бидам јас лично прашан како би требало да гласи како државен празник, јас би се сложил и на првата варијанта и на втората варијанта што ги нуди пратеникот Тодор Петров и со амандманот, би го зајакнал како државен национален празник на РМ е 2 Август, ако јас бидам прашан како пратеник. 2 Август - национален државен празник на РМ. Тоа не е прва држава што има таков празник. Бидете сигурни дека секоја држава, е така и крстен празникот и со декрет и со закон. И повеќето држави кои

настанаа со трансформација, од поранешните комунистички во сегашните држави, имаат национален празник. Мислам ова е мое мислење, не сакам да влијаам кај никој пратеник, ако сум јас лично прашан и не би сакал да дадам амандман, го прифаќам прво државниот празник што е донесен во ова исто Собрание во 1960 година. Благодарам.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Пратеникот Фаик Абди.

Пратеникот Младенов бара деловнички.

**ВАНЧО МЛАДЕНОВ:**

Почитувани пратеници, сакам деловнички да интервенирам.

Мислам дека претседавачот отвори расправа по амандманот на Предлог-законот. Ценам дека навистина ние ја заклучивме расправата по општиот претрес за потребата од донесување закон. Требаше само да поминеме на изјаснување на гласање, дали има потреба од донесување на тој закон. А покасно може да ја продолжиме расправата. како што тече сега по амандманот, односно по насловот на законот. Затоа предлагам на претседавачот да се придржува кон Деловникот да преминеме на гласање за потреба од донесување на законот, а потоа да одиме на оваа друга расправа. Молам да се помине на гласање за потребата од донесување на закон.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Потполно се слагам со пратеникот, меѓутоа, претседавачот не може на никого да му ускрати право да дискутира во општиот претрес. А амандманот веќе не е амандман, амандманот е веќе составен дел на законот. Не постои повеќе амандман. Сега имаме нов текст на закон и во општата расправа секој пратеник може да си го каже своето мислење. Никој не дискутира повеќе по амандманот. Тој не постои. Тој е составен

дел на законот.

Г-динот Фаик Абди.

Јас не можам да ограничам на никого дискусија.

**ФАИК АБДИ:**

Дами и господа пратеници, ние одамна не сме слушале вакви расправии какви што е оваа денешнава, помеѓу едната и другата страна, помеѓу поединци пратеници овде, припадници на различни партии. Мислам дека немаме лесен предмет и лесна работа немаме. Се работи за државен празник, се работи за државата Република Македонија. И во никој случај не смее да се злоупотреби донесувањето на овој закон да се искористи за некоја друга цел. На пример на што мислам. Јас прифаќам , овој празник 2 Август да биде државен празник, а тоа е на некој начин негација на негацијата, што едно време се оспоруваа многу работи што постоеја во оваа поранешна СРМ или РМ како е речено, и добро е така што мислиме дека сме имале држава, меѓутоа, во никој случај таа да биде кажана како што беше кажана во некои дискусии од национален аспект. Дали таа ќе биде само на Македонците, дали сега Албанците ќе сакаат некој друг празник, Ромите некој друг државен празник, Власите некој друг, Србите итн. Мислам дека државниот празник треба да биде одраз на сите граѓани што живеат во државата, а сигурно странските државници кога ќе честитаат, ќе честитаат национален празник на РМ, а тоа национален празник во глобален смисол на нацијата, а не во смисла опростете само на Вас Македонците по род што би се рекло. Значи во глобален смисол на нацијата државата. А никако да го злоупотребите тоа право, како што и овде беше злоупотребено, да се сврти на онаа друга страна. Според тоа го прифаќам терминот државен празник, без никакви инсинуации, тоа треба да даде повод дека тој е празник само на овие, а

не и на оние. Тоа е празник на сите нас. Благодарам.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Има збор пратеникот Превала.

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, Јас излегов да ја упростам работата. Ние сега имавме Закон предложен од колегата Тодор Петров за официјален национален празник, во меѓувреме човекот предложи амандман на својот закон, кој е составен дел на законот. Јас мислам дека треба да се поддржи законот така каков што би гласел заедно со амандманот на Тодор Петров и да не дискутираме. А станува збор не за определуваше на државен празник обичен, туку за официјален државен празник. Празник што би се пријавил во ООН, празник кој би го честитал светот. Тоа е работата. А, не станува збор за национален празник во онаа смисла како што беше дискутирано тука, туку поради причини познати,односи, констатација на односи кај нас и колегата Петров , мислам дека се убеди да предложи на крајот официјален државен празник. Јас тој закон во таа смисла го поддржувам и едновремено ве поканувам и вас да гласаме за таков закон. %

Благодарам.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Има збор пратеникот Бранко Арсовски.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Почитувани пратеници, еве праксата покажува дека ние како пратеници се осоколивме и можеме секојдневно да предлагаме одредени закони, дали се тие фундирани, нефундирани, проучени, непроучени докрај, дали имаме одредена експертна група, да не кажам

да тоа и го проучиме, не се прашуваме и мислиме дека сме способни сите овде што сме присутни да нудиме одредени закони по сите области. И дека закон е едноставна работа и дека тој може сега да ги регулира односите во една држава во било која област, дали се работи за образование, еве имаме и од образование таму, од здравство итн. .

Ве молам што дигате рака така, не си културен. Е колку си некултурен гледаш.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Ве молам не комуницирајте со пратениците.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Сакам да кажам едно. Мислам дека не го прифаќам предлогот на СДС, посебно да; оди во две фази и по итна постапка. За мене е овој сложен закон, заради тоа што овде се создаде голема дилема што значи државно, што значи национално, што значи официјално, државно итн., и мислам дека можеби ние како пратеници ќе понесеме еден терет и можеби ќе погрешиме. Јас од овдека од г-динот Луловски чув еден извонреден став дека од 1960 година веќе 2 Август е државен празник кој ние го празнуваме итн. Овде сега треба да му додадеме некоја додавка "официјален", е сега колку е таа разлика треба стварно да се добро изанализира. Имам предлог, да овој закон оди во една фаза, односно, како предлог за донесување на законот, не заради тоа што г-динот Петров извaнредно се залага за оваа работа, да се донесе закон, него заради тоа што ја користиме афтиненцијата на власта која не е ургентна и не ја прати состојбата да ни нуди таа закон, а верувам кога законот се нуди од Владата, тој е многу поодговорен, повеќе проучен. Па заради тоа

не смее така да дојде со еден непроучен закон и да не убедува пратеници ние како законодавен орган да дигнеме два прста и да го донесеме тој закон. А ние сме одговорни заради карактерот, содржината, целите, последиците кои ќе произлезат од овој закон. И во таа смисла јас како пратеник поддржувам донесување на овој закон само во прва фаза, како предлог за донесување, да го анимираме предлагачот на законот, но да ја анимираме и Владата да повеќе размисли во однос на овој закон и позрело настапиме во однос на празникот. Нема да биде штета ако за еден месец задоцниме, а ќе биде голема штета ако погрешиме , како официјално ќе се определиме. Дали да биде официјален државен празник, или да биде некој национален празник.

Благодарам.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Има збор пратеникот Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа, мора еднаш да водиме сметка што работат и телата на Собранието. Г.-дин Петров поднесе закон со име за утврдување на официјален национален празник на РМ. Денеска дојде еден амандман со кој говори за државен празник. Поодделни колеги пратеници не правеа разлика меѓу државен и национален, иако ние говориме културно дека државни празници ќе може да има повеќе, а национален може да биде еден. Во таа смисла е и законот на кој г-динот Коле Луловски се повика, меѓутоа, не го прочитал. А решението за нашите заблуди лежи баш во тој закон. Ако бидете стрпливи, јас ќе го прочитам, многу е краток да видите и во што е разликата.

VI/10

"Закон за државни празници на Народна Република Македонија

Член 1

За државни празници на НРМ се прогласуваат: 2 Август денот на Илинденското востание и одржување на Првото заседание на АСНОМ и 11 Октомври денот на Народното востание на Македонија."

Што значи со овој закон имаме два државни празника. Дали ќе се јавиме со двоен празник пред народните, пред другите држави да ни честитаат два празника, ќе бидеме навистина посебно поднебје, посебна држава посебна целина пред светот.

Затоа да се прави разлика што е народен празник, државен празник и точно е тоа дека државните празници можат да бидат повеќе. Тоа произлегува и од ставот 2. Ако некој од овие денови припаѓа во недела како празник се празнува наредниот ден, а ако се совпаѓа со државниот празник на СФРЈ односно сега СРЈ, во тоа време не беше СФРЈ туку Народна Федеративна Република Југославија. Дозволете, многу менувања на имиња доаѓа до погрешно изговарање. Тогаш и таму се предвидувале и други државни празници на сојузната држава. Се прашуваме сега кој ќе биде наш државен празник за почитување од страна. Поради оваа причина правилен бил ставот на господин Петров кога се залагал за национален празник. Тоа што ќе биде на нацијата на државата како репрезент. Како ние државните празници ќе ги празнуваме да не одиме на работа, да чествуваме, можеме да чествуваме секој ден во годината, а не можат да ни ги честитаат тие празници секој ден другите држави. Во тоа е смислата на дискусија на господинот Лулевски ние да имаме државен празник. Ние имаме два државни празника.

Оваа работа еден од колегите зборуваше дека Владата ќе била попрецизна. Дали се алудира на тоа веќе еднаш да заземеме став и Уставот кој ние го изгласавме да го негираме. Само Владата да биде законопредлагач. Сигурно дека не треба. Јас сум согласен кај економските односи тоа да го чини затоа што ќе треба да се определи колку средства ќе треба за негово спроведување, кои органи тоа ќе го направа' за кое време, како што, тогаш навистина Владата ќе треба да има големи ингеренции. За овие, таканаречени политички закони тука сме ние кој ќе одлучуваме за значењето на државата.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Господинот Луловски бара реплика.

**КОЛЕ ЛУЛОВСКИ:**

На моето прво излегување реков не сум правник, не се служиме службени весници но оваа држава, сигурно точно е по Службен весник 24/60 дефинира два државни празника. Но заборави да прочита таму дека 1948 година исто така ова Собрание го носи првиот државен празник т.е. државниот празник 11 Октомври. Со прогласување на вториот ден, да погледаш малку, врати ги службените весници ќе видите дека многу јасно таму кажува дека единствен државен празник 1948 година е прогласен 112Октомври. Но, после во едно мое излагање кога сакавме да го кажеме, а некој сака да ги девалвира АСНОМ-ските принципи, јас уште тогаш реков АСНОМ-ските принципи ние не ги девалвираме пред два - три месеци, туку ги рехабилитиравме со донесување на дополнителниот државен празник 1960 година. Тоа тогаш беше таканаречено и ние најмалку би сакале, и тогашните делегати најмалку сакале да отворат фронт да го поништат едниот државен празник со прогласување на друг државен празник. Затоа си остана празнување.

А државен празник, тоа што го нуди Петров, треба да се поништи 1960 година, а во тој член што го читате вие сега од службениот весник јас го читав пред неколку месеци' јасно пишува да се анулира и се поништува претходниот закон, донесен 1948 година.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Лично и јас ценам дека има потреба од донесување на ваков закон. Не е сеедно кога речеме 11 Октомври и 2 Август 1944 година. Потребно е да направиме динкстикција. Зошто? Затоа што 1930 година со Букурештанскиот договор е извршена деноминација на македонската држава. Не постои држава Македонија. На втор Илинден 1944 година,

после НОБ извршена е номинација на Македонија како држава. Таа држава се знае ја створил македонскиот народ со крв и во НОБ. Оттука, огромно е значењето на 2 Август 1944 година кога е створена македонската држава - Република Македонија, оваа која што денес како самостојна и суверена бараме да биде меѓународно призната. Значи не е се исто 11 Октомври и 2 Август 1944 година. Динкстинција е потребна, и двата датуми се значајни, меѓутоа епилог на целокупната НОБ на Македонскиот народ е втор Илинден 1944 година. Тогаш е формирана и повторно номинирана македонската држава,ова во која што денес живееме и потребно е да имаме официјален државен празник - 2 Илинден 1944 година.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Молам, дали уште некој бара збор.

Има збор пратеникот Љупчо Јаќимовски.

**ЉУПЧО ЈАЌИМОВСКИ:**

Почитувани пратеници, мене ми се чини дека донесувањето на овој закон како еден од законите кои што значат сигурно државата не успеа да ги избегне нашите недувавости, да ја избегне судбината на законите кои што беа за знамето, за грбот и за химната.

Лично многу ми пречи и сметам дека е најграмотно тоа што во нашата држава стана специјалност да се воведува некоја внатрешна, интерна, некоја наша терминологија од обласка на меѓународното право. Така од национални малцинства воведовме нов термин националности, потполно непознат надвор, а еве сега се оди на тоа да се израмнат термините национални држави. Не ми е јасно која е функцијата на целата таа појава на таквите постапки, но барем на тие што ги прават треба да им се стави до знаење дека е обична кусогледост. На пример не може да биде покрај оние што беа наведени во Нацртот на законот -

Закон за прогласување на државен празник. Меѓу другото и тоа што неколку пати споменуваната институција ООН се вика ООН, а не обединети држави. Мислам дека и од тука треба да се тргне.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Бидејќи навистина ова е сериозно прашање, а ние неосновано го префрливме на Владата и одговорноста и вината, сакам да ве потсетам како пратеници дека Уставната комисија формира од сите пратенички групи по еден претставник, работна група која требаше да предложи закон за празниците. Меѓу кои кој е национален, државен, верски, кога се работи, кога ќе се празнува итн. Таа работа не си ја завршивме ние како пратеници. На Комисијата за уставни прашања почна лицитација дали треба и овој свет и оној свет да се празнува и како што знаете се третира работата на таа група.

Молам, пред да се оди на гласање, барам пауза од 15 минути во име на Пратеничката група на СДС.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Објавувам пауза од 15 минути.

(Пауза од 16,10 до 16,45 часот).

(По паузата)

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Продолжуваме со работа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, бидејќи барав пауза во име на Пратеничката група СДС, а уште сме на теренот на расправата по Предлогот за донесување на закон пред да се гласа за предлогот за донесување на закон, сакам Собранието да го потсетам на некои негови обврски.

Собранието на РМ ја задолжи Комисијата за Уставни прашања да подготви текст на закон за празници на РМ , уште во почетокот на 1993 година. Комисијата за уставни прашања формира работна група во состав: Томислав Стефковски, Наќе Стојановски, Зоран Крстевски, Абдурахман Алити, Киро Поповски и Ефтим Манев. Таа група имаше за задача на Комисијата за уставни прашања да подготви Предлог на закон за празници на РМ. Одржани се неколку средби. Работната група предложи текст, како што гласи овде - Предлог на закон за празници на РМ. И по него се обавени неколку расправи на Комисијата за уставни прашања Последната расправа беше на 1.10.1993 година кога имаше најразлични сугестии по однос на тоа што се смета државен празник, дали со овој закон треба да се уредат само државните празници, или треба и верските празници, или пак и други празници, неработни денови итн. Имаше многу идеи од членовите како на работната група, така и на Комисијата за уставни прашања. Врз основа на тоа се заклучи на Комисијата за уставни прашања, работната група уште еднаш да направи консултација имајќи ги во предвид сите овие идеи што беа изнесени на расправата во Комисијата за уставни прашања. Од тогаш,

од октомври 1993 година работната група не е состаната и нема иницијатива на Комисијата за уставни прашања. Според тоа, мое мислење е , дека не треба да има импровизации во врска со државниот празник на РМ. Мислам дека не е спорно апсолутно ни кај пратениците, ни кај граѓаните на РМ дека е тоа 2 Август. Тоа се двата Илиндена и мислам дека секој жител на РМ тоа ќе го прифати како свое.

Работната група предложи работен текст во кој што стои член 1 - Државен празник на РМ е денот на државноста на РМ 2 Август. Понатаму стои - Други државни празници на РМ се: Денот на независност 8 септември; Ден на Народното востание 11 Октомври итн. Алтернатива дали 8 декември и Св. Климент треба да биде државен празник. Според тоа нема дилеми, прашаше е само дали на овој начин тоа треба да се уреди. Да не ја префрламе работата, ниту на Владата, ниту на поединец.

Секоја чест г-дин Петров немарноста на работната група ја коригира, ја искористи и излегува со Предлог за донесување на закон. Мислам дека тоа треба да се поздрави, не треба да се негира. Но, овде да не ги цитираме по однос на државниот празник бидејќи сите утре треба да бидеме исправени пред почитувањето и честа во името на тој празник.

Затоа мислам дека би било добро ако ние на сите чисто овде присутни се членовите на работната група и очекувам да земат учество во расправата, од сите аспект, дали тоа треба да биде државен празник на РМ; дали тоа треба да биде национален празник на РМ или треба да биде , како што рече г-динот Луловски, државен и национален празник, се извинувам државно - национален празник. Дека прашањето не е едноставно говори фактот што таа работна група обави консултации и со историчарите, Институтот за национална историја, и со други од сферата на културата. Мислам дека би било добро, ако се сите овие аспекти на

прашањето чисти, а по однос на датумот 2 Август дека е државен празник, нема спор, верувам кај ниедна пратеничка група. Ако се овие аспекти на прашањето чисти јас предлагам да го усвоиме Предлогот за донесување на закон со амандманот што го даде г-дин Петров, онака како што го даде, а после да одиме, ако евентуално има други амандмани во смисла на она што беше кажано во расправата.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Не бара).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за утврдување на официјален државен празник во РМ.

Кој е за , молам да крене рака?(60 пратеника)

Шеесет пратеника се изјаснија за поддршка на овој закон.

Дали има некој против?(Нема).

Дали некој се воздржува од гласање?(1 пратеник) .

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (50 пратеника)

Педесет пратеника се изјаснија за предлогот.

Дали има некој против?(Нема)

Дали некој се воздржува од гласање?(6 пратеника).

Констатирам дека Собранието го усвои овој заклучок.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор?(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по Текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Стоиле Стојков и Кирил Ковачевски, поднесоа амандман на Предлогот на законот за утврдување на официјален државен празник на РМ.

Амандманот Ви е поделен.

Молам, предлагачот да се произнесе по амандманот.

Предлагачот не сака да се произнесе. Се предломисли, сака да се произнесе.

VIII/1.-ЛП/МЛ

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Не мора предлагачот да се произнесе, го користам тоа право, а оставам Собранието да одлучи.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Предлагачот се произнесе дека не сака да се произнесе по амандманот.

Отворам дискусија.

Има збор пратеникот Кирил Ковачевски.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, додека траеше идеолошко - политичката држава, во таа држава се гледаше само нешто да се интернационализира. Во таа држава имавме само државни празници. Додека во западната демократија имаше и верски и државни и еден национален празник. Ако сакаме да се вклопиме во западната демократија, треба да прифатиме и ние, истиот редослед да го прифатиме. Додека во западната демократија и верски празници станаа државни празници како Божиќ и Велигден, како во арапските земји муслиманските Бајрам и Рамазан, тие станаа државни празници, додека кај нас уште се плашиме од тоа име да се спомене нешто национално. Голем страв имаме национално да спомнеме. Еден празник е само национален..

Затоа, од мене и колегата Стоиле Стојков е поднесен овој амандман, да имаме само еден национален празник, а другите да бидат државни и верски. Ако треба да ни се честита национален празник, тоа е еден празник. Не може, како ќе наидат сега странските земји да им го дадеме списокот на сите државни празници, па нека изберат тие кој празник ќе ни го честитаат. Дали така може? Мораме да прифатиме само еден национален празник.

Почитувани пратеници, некаде пред еден час слушам овде теориски расправии од областа на државата и нацијата, односно секој си ги изнесуваше своите погледи во однос на националното онака како што го научил, иако за мене преовладуваше едно таканаречено марксистичко учење, кое во потполност ја негираше нацијата, со тоа што националното го заменуваше со некакво си за мене ирационално интернационално, па во тој контекст една дискусија токму на господинот Владимир Голубовски ми се чини во поддршка на ова дека не би требало да стои официјален национален празник, туку државен празник, на некој начин ме натера да размислувам дека денес имаме едно чудно совпаѓаше, така што господинот Голубовски да речеме, Шабан Превала и Алил Џафероски потполно исто мислат во поглед на тоа дали да биде национален или државен празник. На некој начин сигурно тоа нивно учење околу поимите на филозофијата, без разлика, сигурно учеле повеќе од марксистичката филозофија, но тоа е тоа што е, мислам дека воопшто не треба да се срамиме. Имам чувство дека повеќето пратеници, особено од таканаречениот лев блок во ова Собрание се срамат кога ќе се спомне националното. Зошто да се срамиме?

Некаде пред два месеци од оваа говорница поставив прашање околу употребата на македонските симболи, односно македонското знаме во однос на прославата на територијата на Република Македонија на националниот празник на Република Албанија 28 Ноември. Јас такво едно прашање поставив, се уште немам добиено одговор од Владата, меѓутоа, факт е дека национален празник на Република Албанија е токму 28 Ноември, кој беше славен и во македонските градови без истакнување на македонските симболи, односно македонското знаме во овој случај. Баш ме зачудуваат некои дискусии, токму и од припадниците на албанската националност, зошто не прифаќаат да биде овој празник

национален празник на Република Македонија, затоа што да се потсетиме, кога имаме меѓусебно честитање меѓу државниците, односно претседатели на држави или монарси кои се, имаме честитање, се вели да речеме пример сега ќе го земам - претседателот на Републиката господинот Киро Глигоров на САД им го честита националниот празник 4 Јули. За САД 4 Јули е национален празник, иако имаат и други државни празници. Тоа е многу едноставно, но очигледно е дека се работи за една, така би рекол, контаминираност на мозоците на повеќе пратеници од таа таканаречена марксистичка филозофија, односно од тој интернационализам. Воопшто граѓанското не се негира со националното, односно првите национални држави, а тоа се, секој што ја знае оваа проблематика сигурно ќе се потсети дека првите национални држави се Франција и Англија, француската национална држава е создадена токму со граѓанска револуција, без разлика што не учеа до некни дека таа била некоја си буржоаска револуција. Тоа беше чисто граѓанска револуција итн., каде граѓаните се изборија за политичкото право да одлучуваат за својата национална држава. Таа Република Франција и ден денес се уште фигурира како еднонационална држава, без разлика што на нејзината територија има таканаречени мали непризнати нации, да не ги редам сега, тие се две-три, бретонци, да речеме, корзиканци итн. Зошто ние се залажуваме дека една Европа ќе ни замери ако го прогласиме 2 Август како ден на двата македонски илиндена, на двете македонски републики, за национален празник на Република Македонија? Воопшто не треба да се срамиме. Државни празници, да повторам, можеме да имаме пет, шест или десет, во зависност од нашиот афинитет кон празнувањето. Да речеме, сигурно Јапонците сигурно помалку ќе имаат, ние сакаме повеќе да имаме.

Исто така, овде се изнесуваат невистини дека верските празници се одделни. Јас ќе ви кажам дека во западните држави верските

празници се државни празници, одредени верски празници се државни празници и да речеме за Божиќ имате седум дена неработни, неработен државен празник, празници кои се поистоветени со државните празници, без разлика што религијата е одделена од државата.

Мислам дека настојувањето да се омаловажува постоењето на македонската нација во овој случај, на некој начин води кон повторно навраќање, сега преку само ми само граѓанското на тој интернационализам, односно космополитизам што го заговараат поодделни партии кои се срамат да кажат - еве јас сум Македонец по нација. Јас сум Македонец, јас не се срамам, меѓутоа, немојте и вие господа од СДС, Либералната партија и Социјалистичката партија да се срамите да кажете: Јас сум Македонец по род, односно и припаѓам на македонската нација. Мислам дека нашиот најголем празник би требало да биде националниот празник на таа независна македонска држава. Во тоа е залагањето на нашиот амандман и мислам дека во овој случај, ако имате малку во себе национално определување, би се определиле да имаме еден единствен национален празник како што е во сите светски држави, а нормално другите ќе бидат државни празници.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:** (РЕПЛИКА)

Сепак, по повод оваа точка и расправа нешто квалитетно се случи денес што треба и во репликата да го одбележам, а тоа е официјалниот став, бидејќи и претседателот на ВМРО-ДПМНЕ тоа го искажа овде на говорница дека и тие конечно прифатија дека граѓанскиот концепт во македонската национална држава е стратешкиот интерес на македонскиот народ.

Тоа го поздравувам, а сега да одговорам критички во реплика на господинот Стоиле Стојков дека Македонија не се брани со декларации. Ние можеме колку што сакаме силно да викаме на било кое место, но зад

вистинските желби постојат сериозни напори, а не само вербални изјави. Сметам дека залагањето по секоја цена денес за национален, државен од 2 Август да се направи е дневно политички пристап кој е контрапродуктивен токму на линијата на потенцирање на унитаристичкиот концепт на Република Македонија. Мора стратешки да се поставуваат работите, ако една партија полага сериозност дека се залага долгорочно за националните приоритети во Република Македонија.

Оттаму, сметам дека амандманот на господинот Тодор Петров не би требало да биде оспоруван, тој не може да биде оспоруван како амандман, но сега другиот амандман да не биде прифатен, токму од тие причини, заради тоа што ќе се отворат сериозни простори на гледања на колективитети, национални колективитети во Република Македонија кои ќе остваруваат права. Иако во овој момент нема таква најава, но може да се очекува. Сметам дека треба да се задржиме на граѓанскиот концепт, ако за тоа веќе сите партии се искажуваат, заради тоа што ќе бидам отворен, иако може да ми се замери на ова што ќе го кажам дека токму бројноста на македонскиот народ кој што дава мајоризација на сите односи во Република Македонија е најголемиот гарант за унитаристичкиот концепт на Македонија и за она што ние сакаме и ќе го браниме дека Република Македонија е национална држава на македонскиот народ.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Пратеникот Стоиле Стојков бара реплика.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Видете, почитувани пратеници, јас пред малку го образложував амандманот поднесен од мене и господинот Кирил Ковачевски. Ова

воопшто не беше една вербална би рекол парола од оваа говорница, туку овој амандман е поднесен во Собранието, заверен во Собранието, ова е веќе акт, не е вербален. Едни САД или една Франција или една Германија имаат граѓански концепт. Сите држави се со граѓански концепт кои имаат парламентарна демократија. Тоа е основата на граѓанскиот концепт, парламентарната демократија и повеќепартискиот систем, меѓутоа, ве уверувам дека сите тие во суштина се национални држави и имаат национални празници. Да повторам, САД имаат национален празник еден единствен, а тоа е 4 Јули, а имаат повеќе државни празници. Не велат имаме повеќе државни празници, туку имаме национален празник. Исто така, и Французите, Германците и да не ги набројувам сите. Спомнав дека во нашето нај блиско соседство Република Албанија има национален празник, а тоа е 28 Ноември. Концептот - јас се чудам што одредени пратеници пред три години се залагаа за нешто сосема друго, а сега на некој начин сигурно немајќи политички мандат, ретерираат односно се навраќаат и се поголеми, само и самограѓани можеби и од партијата СДС, која три години и повеќе вели дека ние сме само и само граѓани односно сме анационално определени, односно со други зборови преведено интернационалисти.

Јас припаѓам на еднонационална партија, затоа сум избран, имам добиено политички мандат од тие граѓани што ме гласале, врз основа покрај на другите компоненти и на компонентата за национално определување на македонската држава како национална држава на македонскиот народ, односно на македонската нација пред се и над се. Правото на секој граѓанин во оваа држава кој е државјанин, тие права кои се зацртани во Уставот и законите се неспорни за никого. Секој граѓанин во оваа држава е еднаков пред Уставот и законите. Тоа е тој концепт на таа граѓанска држава, но пред се државата ја дефинира носителот на суверeноста, тоа е нацијата, во овој случај македонската нација.

Господа, овој амандман од пратениците Стоиле Стојков и Кирил Ковачевски апсолутно нема никаков кредибилитет да се прифати, бидејќи и на 2 Август 1903 и на 2 август 1944 година ние се боревме заедно за едно заедништво, па затоа сметам дека национален празник не може да биде, не може да биде ни прифатен, само може како државен на сите граѓани на Република Македонија.

**МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ:**

Дами и господа, не сакам да реплицирам, но за име на вистината сакам да кажам нешто околу знамето на Албанците односно она што се претендира овде да се каже дека е тоа 28 Ноември како национален празник. Тоа е празник на знамето, односно празник на независноста на Албанците. Датира од 1912 година. Инаку знамето за прв пат двоглавиот орел до душа тогаш со бела боја е развеано 1944 година..

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Ве молам, за амандманот зборувајте, бидејќи тој е предмет на дискусија.

**МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ:**

Тоа е празник на знамето и за»секогаш така ќе остане. Значи не треба да се меша националното со независноста и со празникот на знамето. Тоа колку да се знае.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, нормално е еден ден да се земе за национален празник. Дали е причината знамето или е некое востание, важно се зема дена за национален празник. Тоа треба да ни е јасно.

VIII/8.-

**ОЛОМАН СУЛЈМАНИ:**

Јас ќе морам да бидам краток, иако гледам дека доцниме, работиме до 17 часот. Меѓутоа, двајцата предлагачи на амандманот и господинот Стоиле Стојков и господинот Кирил Ковачевски, иако поднеле амандман мислам дека не се за да се донесе закон за државни празници, бидејќи предлагаат национален празник и дури еден од предлагачите се прави голем македонец, потценува нивни колеги од другата страна, ако можам вака да го цитирам - ако имате нешто од националното, треба да го прифатите амандманот. А јас мислам дека тие се доволно зрели и знаат да разликуваат што е државен, а што е национален празник, бидејќи на Македонија не и одговара национален празник, оти треба да правиме разлика меѓу државјанин и национална припадност. Сите ние сме државјани на Република Македонија и сите гласаме за државен празник, а не за национални празници. Инаку, од тој аспект, јас мислам дека и предлагачите не се за да се донесе законот, а особено и јас не го прифаќам како амандманот кој гласи: зборот државен да се замени со национален.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:** (РЕПЛИКА)

Мене ме зачудува заради тоа што пратениците од левата коалиција не реагираат кога некој им го одзема правото да имаат македонците еден национален празник. Јас не му го негирам правото на господата албанци да имаат национален празник во Република Албанија и тие го имаат. Зошто тогаш некој овде излегува постојано и ми го негира мене правото да имам еден единствен национален празник во оваа македонска држава што ни остана, ова парче што ни остана. Јас затоа се прашувам зошто вие господа од левите партии не реагирате и да кажете - извинете, ако вие имате национален празник во Република Албанија, и

ние сакаме да имаме македонски национален празник, а тоа е 2 Август, ден Илинден, ден на два илиндена како што велат, на два значајни датуми за македонската нација. Затоа, не му го негирам правото на господинот кој што кажа дека има свој национален празник во Република Албанија и го има, меѓутоа, мислам дека не би требало да ми го негира и мене правото јас да имам мој национален празник во оваа моја македонска држава.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Има збор господинот Веби Џемаили, реплика.

**ВЕБИ ЏЕМАИЛИ:**

Не сакам да им реплицирам на претходните дискутанти кој не ја познаваат сопствената историја, но сакам да ги потсетам.

На 2 Август 1903 година после битката кај Мечкин Камен и карањето односно репликата за Питу Гули или за Питу Гули со Никола Карев, добро се знае што му рече Питу Гули. Јас немам каде од тука. тука сум роден и тука ќе умрам, а ти можеш каде сакаш, во планините.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Ве молам да се држиме за амандманот.

Дали уште некој бара збор?

**БОРКО ГОРГЕВСКИ:**

Не бев со намера да станам да дискутирам но ме предизвика нешто што од оваа говорница се кажа дека Македонија не може да има национален празник, ако Франција има, ако Америка има, ако другите земји имаат, ако дури и Албанија има и ако таму живее македонско население и т.н., само Македонија не би требало да има национален празник. Господа треба да се срамиме што го премолчуваме ова. Треба да се срамиме што му ја одземаме сета култура на овој македонски народ. треба да се срамиме што го уништуваме од сега натаму со бришење на сите култури. Јас не ги обвинувам тие што си бараат многу. Виновни се оние кои им даваат повеќе отколку што дозволиле сите меѓународни закони и конвенции.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Изгледа колегата Џемаили, големиот историчар ова го гледа во филмот "Република во пламен".

IX/2.-

Ве молам дајте зборувајте за амандманот.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Никаде нема напишано што му рекол Питу Гули на Никола Карев и обратно.

Тој кажа и нешто друго. Рече дека тоа било заедничка борба на македонци и албанци. Навистина било борба но борба на едни против други. Албанците во Крушево сите биле башубозлук. Од западниот крај сите дошле во Крушево.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Ве молам за амандманот реприцирајте. Немојте сега овде да држиме историски часови.

**ВЕБИ ЏЕМАИЛИ:**

Навистина во медицината не пишува за историјата. Тоа е точно. Но, едно е вистина, точно е дека Питу Гули бил командант на таа наша заедничка војска. Тоа е едно. Второ, ви тврдам со документи тој, претходниот господин и неговата фамилија до 1945 година во пописот сите се третирани како бугари, а после ослободувањето како македонци и не го познава националното потекло.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Ве молам немојте овде на говорница да се прават такви инсинуации. Тоа веќе ја поминува секоја граница.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Дами и господа за мене овој амандман не е спорен, може да помине, нема да направи никаква штета.

IX/3.-

Сакам да напоменам дека од 1941 до 1945 година мојата фамилија биле пишани бугари, а до 1945 пишувани како срби. Не знам за вашите фамилии.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Очигледно се повеќе се оддалечуваме од конкретниот текст што е предмет на расправа. Прашувам дали некој бара збор по амандманот што е предмет на дискусија.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Молам, да расчистиме со некои историски вистини.

Во Крушевската република командувал главниот Штаб, а команданти биле Даме Груев, Борис Рафов и Атанас Лозанчев. Тоа се тројцата команданти што командувале соглавниот Штаб, а Питу Гули бил еден војвода командир, не бил главниот командант што го кажа големиот наш историчар.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор по амандманот што е предмет на расправа.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Почитувано Претседателство, Дами и господа пратеници. Јас немав намера да се јавувам повторно, меѓутоа слушајќи ги дискусиите ме натера да се јавам повторно затоа што се толкуваше од нашите кои повеќе знаат од мене велеа дека исто државјанство и националност и мора така да се поднесе. Меѓутоа од дискусијата произлезе дека не било исто. Значи овде се прави ујдурма, надмудрување, а тоа го гледам во тоа, секоја чест на албанската партија што си бара. Таа нека си бара, но

зошто нашите се срамат да си кажат дека имаат свој национален празник и да се прогласи како македонски национален празник како што тоа го имаат сите држави. Се разбира зошто, за да не му избега коалицијата за;јда не гласа утре за другите работи и мораме, државност не дравност, да останеме ние тука. Главно да ја спасиме главата. Тоа е вистината, а не тоа што се надмудрувате со историјата. Се знае што е историјата. Кажана е вистината на историјата.

Ние овде велиме дали ќе прогласиме македонски национален празник, а со ова ние што велиме , зошто. Да не речете знаеме ние дека е така, ама заради коалицијата, ако ги изгубиме гласовите не ќе можеме да успееме, па еве ќе го прифатиме тоа, ќе ве сожалиме и ќе речеме еве нека помине така. Што смета штом е тоа исто, во амандманот да стои национален државен празник на Македонија. Зошто сега, ако е се исто, што ви пречи и на кого му пречи тоа да стои так или македонски државен празник или национален македонски државен празник. Значи сите избегавте да ја кажете вистината, сакате да се надмудруваме овде. Господа, еднаш не осуди јавноста за досегашните одлуки и раководење во едноумието со таквите притеснувања на македонскиот народ. Сега по грдо ќе ве осуди за вакви прифаќања што го обесправувате македонскиот народ да има свој национален празник како што тоа го имаат и други земји. Не е вистина дека нема никој. И во Грција и во Албанија и во Бугарија, секаде македонецот не е така третиран таму. Кога е државен празник на Бугарија тие сите одат. И албанците, кога ќе го прогласиме ние овој државен македонски празник, сакале или нејќеле треба да го прославуваат зошто живеат во ова држава. Друго е кога ќе се прогласат другите верски и обичаени празници. Вие избегавте само од една вистина, а тоа е за зачувување на главата на коалицијата, а не дека не знаете како треба да биде. Тие си бараат, а зошто вие морате да

прифаќате везден вакви наседнувања а за тоа во иднина да се спротивставува идното младо македонско поколение за работи кои досега требаше да се исправат и понатаму да му отвораме такви рани и натаму да ги исправаат овие грешки што ги правите вие.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор по амандманот? (Никој)

Го заклучувам претресот по амандманот на пратениците Стоиле Стојков и Кирил Ковачевски и текстот на предлогот на амандман го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (22)

Според тоа амандманот не го доби потребното мнозинство да би бил прифатен.

Процедурално .бара збор пратеникот Змејковски.

**БОРИС СМЕЈКОВСКИ:**

Бидејќи се сомневам во гласањето барам поединечно изјаснување по овој амандман и бара поддршка од 10 пратеници.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Дали има поддршка од 10 пратеници? (Има)

Предлогот на господинот Змејковски доби поддршка согласно Деловникот и ќе поминеме на предничено гласање.

Пред гласањето процедурална забелешка побара пратеникот Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Почитувани дами и господа, барам претседавачот на седница да ја насочи расправата така како што предвидуваат деловничките одредби. Бидејќи очигледно дека пратениците ги злоупотребуваат правните

регулативи и институциите на Деловникот. Се знае кога се добива поединечно гласање, кога резултатот е таков, очигледно човек да се доведе во заблуда или да се сомнева во точноста од резултатот. Овде јасна е ситуацијата. Само еден дел гласа, а целото Собрание друго беше против. Од кој причини сега да се малтретираме и уште еднаш поединечно да се гласа кога резултатот и исходот од гласањето ќе биде ист.

Уште нешто во расправата. Во европските парламенти се знае, предлагачот има право да го образложи амандманот и му се дава право на еден контра амандманот се произнесува за да се создаде клима за или против поднесениот амандман. Ние цело време овде надвор од материјата што е за расправа правиме маркетинг.

Со оглед на тоа што ни престојат доста значајни задачи, а усвоивме и привремени мерки за водење на седницата, ќе ве молам да се придржуваме кон тие правила што сите ние ги прифативме и при вака јасни позиции на исходот од гласањето, да не дозволиме да се малтретираме.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Бидејќи беа упатени критики, неколку објаснувања.

Прво, согласно Деловникот секој предлог што ќе добие поддршка од 10 пратеници добива право 4да биде на поединечно гласање

Второ, да Ве потсетам дека по оваа точка не изгласавме ограничување на дискусијата ниту по време траење ниту колку пати еден пратеник може да се јави за дискусија. Сугестиите што беа дадени веројатно ќе користат за новиот Деловник.

Го молам секретарот да излезе и да изврши поединечно гласање:

(Секретарот излегува на говорница и врши прозивка на пратениците.

IX/7.-

| | |
|---|---|
| 1. ФАИК АБДИ | против |
| 2. ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА | не е тука |
| 3. ЕШРЕФ АЛИЈУ | не е тука |
| 4. ХАМИТ АЛИУ | против |
| 5. МИТКО АНАСТАСОВСКИ | не е тука |
| 6. СТОЈАН АНДОВ | не е тука |
| 7. ТИМЕ АНДОНОВ | воздржан |
| 8. ГОЦЕ АНДОНОВСКИ | воздржан |
| 9. НИКОЛА АПОСТОЛОСКИ | за |
| 10. ЛАМБЕ АРНАУДОВ | не е тука |
| 11. ДРАГИ АРСОВ | за |
| 12. БРАНКО АРСОВСКИ | не е тука |
| 13. ДУШКО АРСОВСКИ | не е тука |
| 14. ЃОРЃИ БОЈКОВСКИ | не е тука |
| 15. ЈОРДАН БОШКОВ | за |
| 16. ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ | за |
| 17. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ | против |
| 18. ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ | воздржан |
| 19. ПЕТАР ГОШЕВ | не е тука |
| 20. ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ | за |
| 21. САНДЕ ДАВЧЕВ | не е тука |
| 22. РАТКА ДИМИТРОВА | за |
| 23. ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ | воздржан |
| 24. ТОДОР ДИМОВ | воздржан |
| 25. ДОСТА ДИМОВСКА | за |
| 26. БОРКО ГОРЧЕСКИ | за |
| 27. ДУШКО ГОРГЕСКИ | не е тука |
| 28. ПЕТАР ГОРГИЕВ | воздржан |
| 29. ЗУДИ ЕМИНИ | не е тука |
| 30. ЈОРДАН ЗАФИРОВ | против |

IX/8.-

| | |
|---|---|
| 31. ГОРАН ЗАФИРОВСКИ | за |
| 32. НАСЕР ЗИБЕРИ | против |
| 33. ВАСИЛ ЗИМБАКОВ | против |
| 34. ВАНЧО ЗЛАТАНОВ | против |
| 35. БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ | за |
| 36. ИВАН ИВАНОВ | воздржан |
| 37. ЉУБОСАВ ИВАНОВ | не е тука |
| 38. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ | воздржан |
| 39. СИМЕОН ИВАНОВСКИ | не е тука |
| 40. ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ | за |
| 41. РИСТО ЈОВАНОВ | за |
| 42. ЦВЕТАН ЈОВЧЕСКИ | за |
| 43. РИСТО ЌЕЛЕШОВ | не е тука |
| 44. ТАШКО КИРОВ | за |
| 45. ЗОРАН КИТЕВ | не е тука |
| 46. КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ | за |
| 47. СТОЈАН КОВАЧЕСКИ | против |
| 48. ЃОРЃИ КОТЕВСКИ | не е тука |
| 49. ЗОРАН КРСТЕВСКИ | не е тука |
| ~~50. НИКОЛА КРСТЕВСКИ~~ | |
| 51. БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА | за |
| 52. ВЕЦКО ЛИЧОСКИ | за |
| 53. КОЛЕ ЛУЛОВСКИ | за |
| 54. ЕФТИМ МАНЕВ | воздржан |
| 55. ЈОВАН МАНЧЕВСКИ | против |
| 56. ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА | не е тука |
| 57. ФЛОРЕ МАСАЛКОВСКИ | не е тука |
| 58. МАРИН МИЛЕНКОВСКИ | против |
| 59. СТРАШО МИЛКОВСКИ | против |
| 60. ПАНЧО МИНОВ | не е тука |
| 61. ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ | не е тука |
| 62. ТРАЈАН МИЦЕВСКИ | за |
| 63. ВАНЧО МЛАДЕНОВ | против |
| 64. ЏЕЛАДИН МУРАТИ | против |
| 65. АВДИ МУРТЕЗАНИ | против |

IX/9.-

| | |
|---|---|
| 66. НАИФ МУСТАФА | не е тука |
| 67. ПАНЧЕ НАСЕВ | не е тука |
| 68. СЛАВЕ НАУМОВСКИ | воздржан |
| 69. СИМОН НАУМО.СКИ | не е тука |
| 70. БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ | не е тука |
| 71. ЈОВАН НИКОЛОВ | против |
| 72. ДУШАН НИКОЛОВСКИ | не е тука |
| 73. МИХАИЛ ПАНОВСКИ | не е тука |
| 74. ТОДОСИЈА ПАУНОВ | против |
| 75. ТИТО ПЕТКОВСКИ | не е тука |
| 76. ТОДОР ПЕТРОВ | воздржан |
| 77. ТОМИСЛАВ ПЕЦАКОВ | не е тука |
| 78. МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ | против |
| 79. ДИМИТАР ПОПОВСКИ | не е тука |
| 80. КИРО ПОПОВСКИ | воздржан |
| 81. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ | против |
| 82. НИКОЛА ПОПОВСКИ | против |
| 83. ШАБАН ПРЕВАЛА | против |
| 84. БОЖО РАЈЧЕВСКИ | не е тука |
| 85. ИСМЕТ РАМАДАНИ | не е тука |
| 86. ИВАН РАМБАБОВ | против |
| 87. ШУКРИ РАХИМИ | не е тука |
| 88. ФЕРИД САДИКУ | не е тука |
| 89. НЕИМ СЕЛМАНИ | не е тука |
| 90. НАУМ СИМЈАНОВСКИ | не е тука |
| 91. АЦО СПИРОВСКИ | за |
| 92. РИСТО СТАМЕНОВ | не е тука |
| 93. РИСТО СТАНКОВСКИ. | не е тука |
| 94. ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ | за |
| 95. СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА | воздржан |
| 96. НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ | воздржан |
| 97. НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ | против |
| 98. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | за |
| 99. СТОИЛЕ СТОЈКОВ | за |
| 100. ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ | против |
| 101. ЏЕЛИЛ ТАИРИ | не е тука |

IX/10.-

| | |
|---|---|
| 102. ГОЦЕ ТЕМЕЛКОВСКИ | за |
| 103. ПЕТАР ТЕМЕЛЌОВСКИ | за |
| 104. БЛАГОЈ ТОШЕВ | не е тука |
| 105. ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ | против |
| 106. ПЕТРЕ ТРАЈКОСКИ | не е тука |
| 107. ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ | воздржан |
| 108. ДУШАН ТРПЧЕВСКИ | не е тука |
| 109. АГИМ ФАЗЛИУ | не е тука |
| 110. АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ | не е тука |
| 111. МУХАМЕД ХАЛИЛИ. | не е тука |
| 112. АБДУРАХМАН ХАЛИТИ | не е тука |
| 113. БЛАГОЈ ХАНЦИСКИ | не е тука |
| 114. СЕЈФЕДИН ХАРУНИ | не е тука |
| 115. СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ | не е тука |
| 116. НЕЏАТИ ЏАФЕРИ | не е тука |
| 117. АЛИЛ ЦАФЕРОСКИ | воздржан |
| 118. ВЕБИ ЏЕМАИЛИ | против |
| 119. БЛАГОЈА ЧКАТРОСКИ | не е тука |
| 120. ХИСНИ ШАКИРИ | не е тука |

IX/11.-

**КИРО ПОПОВСКИ:**

При усвојување на амандманот гласале 67 пратеници, 26 пратеници се за, 25 против и 16 воздржани.

Според тоа, предложениот амандман не е прифатен.

Дали некој друг бара збор по текстот на предлог на* законот. Никој.

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Молам стручната служба да провери дали имаме кворум во салата и да се повикаат пратениците да влезат во салата.

Очигледно не можеме да обезбедиме кворум за гласањето. ве молам да се договориме. Ја прекинувам седницата а за продолжувањето дополнително ќе ве обавестиме.

Би замолил претседателите на соодветните комисии и координаторите кои што се информирани за разговорите кои што утре треба да се водат со експертите од Советот на Европа по изборните закони да бидат точни во термините кога се закажани тие разговори.

Ја прекинувам седницата, а за продолжението дополнително ќе бидете информирани.

Седницата прекина во 17,40 часот.-